Република Македонија
Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2015 година

Скопје, мај 2016 година

## Содржина

1. Правна рамка од областа на јавните набавки во Република Македонија 1
1.1. Закон за јавните набавки 1
1.2. Подзаконски акти 2
2. Биро за јавни набавки 4
2.1. Надлежности 4
2.2. Изготвени мислења 5
2.3. Модели на тендерски документации и прирачници 9
2.4. Негативни референци 10
3. Едукација за јавни набавки 12
3.1. Податоци од спроведените обуки во 2015 година 12
4. Податоци добиени од други институции 25
4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки 25
4.2. Управен суд на Република Македонија 28
4.3. Виш Управен суд 30
4.4. Државен завод за ревизија 31
4.5. Државна комисија за спречување на корупцијата 32
4.6. Комисијата за заштита на конкуренцијата 34
5. Соработка со други институции 36
5.1. Соработка со институции во Република Македонија 36
5.2. Соработка со меѓународни институции поврзани со јавни набавки и меѓународна соработка при ЕУ интеграција 37
6. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки 41
7. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2015 година 48
7.1. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки 50
7.2. Склучени договори за јавни набавки 60
7.2.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка 63

7.2.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган 65
7.2.3. Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри 68
7.2.4. Учество на економските оператори на постапките за доделување на договори за јавни набавки 80
7.3. Податоци од известувањата за поништување на постапките 86
7.3.1. Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот 89
7.4. Електронски постапки 90
7.5. Електронски аукции 93
7.5.1. Позитивни ефекти од спроведувањето на електронските аукции и електронските јавни набавки 95
7.6. Конкуренција кај јавните набавки 103
8. Анализа на ефектите од е-Набавките и е-Аукциите 105
8.1. Воведување на задолжителни е-набавки - очекувани ефекти 105
8.2. Анализа на ефектите од спроведувањето на електронските аукции 107

# 1. Правна рамка од областа на јавните набавки во Република Македонија

## 1.1. Закон за јавните набавки

На почетокот на 2015 година, во февруари, од страна на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија беше утврден Пречистен текст на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2015). Во текот на 2015 година, Законот за јавните набавки беше изменуван и дополнуван два пати.

*Во 2015 година се извршени две измени и дополнувања на Законот за јавните набавки. Најважни измени се дополнување на постапките за согласност, предвидување задолжителни е-набавки и обврска за анекс кај договорите кај кои ќе се јават кусоци и/или вишоци на работи.*

Со законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15) беа воведени измени и дополнувања кои се однесуваат на работата на Советот, се воведе обврска за Советот да даде согласност во случаите кога истата се бара по трет пат, односно по втор пат кај постапката со барање за прибирање на понуди и се предвиде изработката на стандардни тендерски документации и спецификации со чие користење, договорните органи немаат обврска да бараат согласност од Советот.

Покрај ова, Законот за јавните набавки беше дополнет со одредби кои се однесуваат на обврската за склучување на анекс на договорот за јавна набавка со кој ќе се уредат кусоците и/или вишоците на работи.

Како најважна измена во Законот е одредбата со која се предвидува задолжително спроведување на постапките за јавни набавки со користење на електронски средства преку ЕСЈН, со

предвиден континуиран раст до постигнување на 100% електронски постапки во 2018 година.

Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/15) предвиде одвојување на Советот за јавни набавки од Бирото и добивање на својство на правно лице, започнувајќи од 01.01.2016 година. За таа цел, Законот за јавните набавки беше дополнет со нова глава II-а. Со овие измени и за Советот и за Бирото за јавни набавки остануваат истите законски надлежности имајќи предвид дека ни досега немаше нивно преклопување.

Останатите измени и дополнувања во законот, се однесуваат на усогласување на одредбите од истиот кои се поврзани со работата на Советот, а поради дополнувањето со нова глава.

## 1.2. Подзаконски акти

Подзаконските акти како дел од правната рамка со која се регулираат постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно како инструменти кои ја олеснуваат имплементацијата на Законот за јавните набавки, се донесени во предвидените рокови и континуирано се унапредуваат, а воедно и се усогласуваат со евентуалните измени и дополнувања на законот.

*По измените на ЗЈН, беше изработен Правилник за формата и содржината на стандардните тендерски документации и стандардните технички спецификации и начинот на нивно користење од страна на ДО.*

Со измените на Законот за јавните набавки, се јави потребата за изработка на Правилник за формата и содржината на стандардните тендерски документации и стандардните технички спецификации и начинот на нивно користење од страна на договорните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 77/15). Со истиот се пропиша формата и содржината на стандардните тендерски документации и стандардните технички спецификации и начинот на нивното користење од страна на договорните органи, со што се

овозможи договорните органи да ги користат истите без да бараат согласност од Советот за јавни набавки.

Во текот на 2015 година беа извршени измени и дополнувања на Интерните упатства за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки од страна на Бирото за јавни набавки. Овие измени се подетално објаснети во дел 3 од овој Извештај – Едукација за јавни набавки.

# 2.Биро за јавни набавки

## 2.1. Надлежности

Бирото за јавни набавки се грижи за правилно функционирање на системот на јавни набавки, а преку своите бројни надлежности постојано настојува да го модернизира и подобри истиот со цел да ја зголеми неговата ефикасност и функционалност.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15), во член 14 од Законот кој се однесува на надлежностите со кои располага Бирото за јавни набавки беа избришани ставовите кои се однесуваат на работата на Советот за јавни набавки и истите беа пренесени во новата глава од Законот – Глава II-а која се однесува на Советот за јавни набавки.

Со цел успешно остварување на своите надлежности, Бирото од моментот на своето формирање воспостави добра комуникација како со јавниот, така и со приватниот сектор и истата постојано ја унапредува. Имено, Бирото континуирано ја зголемува транспарентноста преку промовирање нови средства за комуникација кои на сите заинтересирани субјекти им ја зголемуваат пристапност до информациите со кои истото располага.

Кон крајот на 2012 година, Секретаријатот за издавање сертификати од претпријатието TÜV SÜD Management Service GmbH на Бирото му додели Сертификат за систем за управување со квалитет ИСО 9001:2008 со што се потврдува квалитетната организација на работните процеси и современото работење на Бирото. Во текот на 2013, како и во текот на 2014 година, Секретаријатот изврши контрола и проверка на работењето на Бирото, по што достави извештај преку кој се докажува дека Бирото

и понатаму квалитетно и современо ги организира работните процеси и работењето.

*Во 2015 година БЈН доби Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно стандардот МКС EN ISO 9001:2009*

Во текот на 2015 година, по спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, како и по спроведувањето на потребните процедури, Сертификационото тело МКД СЕРТИФИКАТ АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје на Бирото за јавни набавки му додели Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2009, со што се потврди дека Бирото има имплементиран систем за менаџмент со квалитет во опсегот на Развој на системот за јавни набавки и следење на неговото спроведување. Сертификатот е со важност до септември 2018 година.

## 2.2. Изготвени мислења

Една од најзначајните надлежности на Бирото за јавни набавки е давањето на мислења во врска со одредбите и примената на Законот за јавните набавки, со што се овозможува договорните органи и економските оператори кои учествуваат во постапките за доделување на договор за јавна набавка да ги разрешат дилемите кои ги имаат при спроведување на истите.

Бирото, оваа советодавна функција ја остварува на неколку начини: со давање на мислење на дописите кои договорните органи и економските оператори ги доставуваат преку пошта, одговарање на прашања поставени преку контакт формата на веб страницата на Бирото и на ЕСЈН, како и преку одговарање на прашања поставени преку телефонскиот центар за корисничка поддршка.

Продолжувајќи ја праксата воспоставена во 2013 година, а имајќи ги во предвид позитивните реакции на учесниците, Бирото и во текот на 2015 година продолжи со организирање на Ден на отворени врати како настан преку кој економските оператори и

договорните органи можат да дадат мислење по законот и начинот на кој истиот се спроведува во пракса. На овој начин Бирото директно ги вклучува непосредните учесници во креирањето на идните политики за јавните набавки, односно подобрување на системот на јавни набавки. Во текот на 2015 година беа одржани три термини во март, јули и ноември, вкупно 50 претставници од договорните органи и економските оператори земаа учество. За во иднина Бирото планира да продолжи со оваа пракса и да организира Ден на отворени врати на квартално ниво.

*Во 2015 година БЈН продолжи со организирање на Ден на отворени врати. Во трите одржани термини учествуваа 50 претставници од ДО и ЕО.*

Во 2015 година до Бирото по пошта биле доставени 250 барања на мислење, а преку контакт формата се пристигнати 1025 барања.

По направената анализа на доставените барања за мислења може да се заклучи дека најчестите прашања кои беа поставувани се прашањата поврзани со измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки, како и прашања кои континуирано создаваат дилеми кај договорните органи во текот на спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и во постапките за барање согласност од Советот за јавни набавки.

*До БЈН во текот на 2015 година пристигнале 250 официјални барања на мислење и 1025 барања преку контакт формата.*

Така, како најчести прашања во текот на изминатата година се прашањата поврзани со објавувањето на негативна референца кај постапката со барање за прибирање на понуди поради дополнувањето на член 102 став 7 од законот, што во случај го датумот на јавно отворање е неработен ден и дали комисијата смее да прифати документи за утврдување на лична состојба кои се издадени по јавното отворање, имајќи предвид дека со измените на законот истата е должна да бара дополнување на документите.

Понатаму, чести се и прашањата кои се однесуваат на тоа кои лица можат да бидат членови во комисија за јавни набавки, дали може огласот да биде објавен во една, а договорот да биде реализиран во следната година, како и прашањата поврзани со

дополнителните работи, вишоците, кусоците и непредвидените работи.

Исто така, како и во претходната година, договорните органи често поставуваа прашања кои се однесуваат на барањето согласност од Советот, во кои случаи се бара согласност, дали истото е задолжително при користење на стандардните тендерски документации и технички спецификации, дали се бара согласност доколку се користи тендерска документација за која во претходната година била дадена согласност и слично.

Бирото за јавни набавки, со цел да излезе во пресрет на договорните органи и на економските оператори кои учествуваат во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки, континуирано ги ажурира најчесто поставуваните прашања поставени на веб-страната на Бирото, со додавање на нови прашања, како и изменување и дополнување на одговорите согласно со измените на Законот.

*Најкористен начин за обезбедување на помош од врабтените во БЈН и во 2015 останува преку Центарот за корисничка поддршка со остварени вкупно 8530 повици.*

Во текот на 2015 година, исто како и во претходните години, како начин преку кој се обезбедуваат брзи и навремени совети поврзани со спроведувањето на постапките за јавни набавки, се користеше одговарањето од страна на вработените во Бирото преку Центарот за корисничка поддршка, давајќи им стручна помош на договорните органи и економските оператори.

Центарот за корисничка поддршка во 2015 година секојдневно им стоеше на располагање на договорните органи и економските оператори. Во периодот 01.01.2015 до 31.12.2015 година вкупно 8530 повици се примени на центарот. Од нив, 4896 повици за Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународна соработка, а 3634 повици се примени за Секторот за следење на системот за јавни набавки.

Графикон 2.1




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Прашања по телефон | 3797 | 5576 | 5892 | 8530 |
| Прашања преку контакт формата | 791 | 704 | 865 | 1250 |
| Прашања по пошта | 499 | 394 | 443 | 250 |
| Вкупно | 5087 | 6674 | 7200 | 10030 |

Според податоците кои се наведени во графиконот, може да се заклучи дека вкупниот број на барања за мислење поставени од страна на договорните органи и економските оператори до Бирото е во постојан пораст. Притоа, забележливо е дека прашањата кои се поставуваат преку Центарот за корисничка поддршка имаат континуиран, а во последната година и значителен раст. Тоа се должи на фактот што по преселувањето на Бирото за јавни набавки во новите простории, Центарот за корисничка поддршка е практично активен во текот на целото работно време, за разлика од претходно.

*Забележителното зголемување на бројот на повици кон Центарот за корисничка поддршка се должи на достапноста на истиот во текот на целото работно време.*

Податоците кои се прикажани во графиконот истовремено покажуваат и дека договорните органи и економските оператори најмногу ја користат директната комуникација со вработените во Бирото преку која на брз и едноставен начин ги решаваат практичните проблеми со кои се соочуваат при спроведувањето на постапките. Од друга страна, барањата за мислења кои се доставени со официјален допис преку пошта се значително намалени во минатата година, што оди во прилог на тоа дека вклучените субјекти во спроведувањето на постапките имаат потреба од брзи и едноставни решења на своите проблеми.

## 2.3. Модели на тендерски документации и прирачници

Бирото континуирано изработува и ги прилагодува прирачниците, водичите и моделите на тендерските документации и истите ги прави јавно достапни преку својата веб страница, со цел на договорните органи и на економските оператори да им се олесни примената на законот при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Како и во текот на претходните години, така и во 2015 година се продолжи со континуираното ажурирање на моделите на тендерска документација секаде каде што истото беше потребно со цел истите да се прилагодат и усогласат со измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки.

*Продолжува контиунираното ажурирање на моделите на тендерската документација, како и на Прирачниците за договорните органи и економските оператори.*

Во 2015 година беше изработено ново, трето издание на Прирачникот за јавни набавки изработен од Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи при Бирото за јавни набавки, со цел да бидат вметнати направените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки. Истовремено со ажурирањето на овој прирачник, се продолжи со континуираното ажурирање и усогласување на Прирачникот за начинот на користење на ЕСЈН, за договорните органи и економските оператори, со новините кои се воведуваат на системот. Исто така, во текот на 2015 година беше дополнет и Водичот за негативни референци, имајќи во предвид дека во законот имаше измени и во овој дел.

Во соработка со Државниот завод за ревизија, Бирото во септември 2015 година изработи Прирачник за најчести грешки при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки кој е изготвен со цел на договорните органи да им ги посочи најважните чекори кои треба да се преземат во фазите на

спроведувањето на јавните набавки со цел да се избегнат грешки и да се обезбеди правилна примена на Законот за јавните набавки.

## 2.4. Негативни референци

Со цел да се заштитат договорните органи од економските оператори кои се несериозни, односно кои не ги почитуваат условите кои ги дале во своите понуди, како и од понудувачите избрани за носители на набавката кои не се придржуваат до договорните обврски во 2013 година беше воведен инструментот негативна референца.

Во текот на 2015 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 64 негативни референци на економските оператори. Деталната анализа за причината поради која биле издадени негативните референци, како и споредба во однос на издадените негативни референци во 2013 и 2014 година, може да се види во графиконот во прилог. Бирото отстранило вкупно 7 негативни референци, по следниве основи:

*Вкупно 64 негативни референци биле издадени во 2015 година, со што е забележано зголемување во однос на претходните години.*

- Три негативни референци отстранети по барање на договорниот орган придружено со изјава од лицето кое ја издало негативната референца дадена пред надлежен орган за сторена техничка грешка;
- Две негативни референци отстранети по одлука на Државна комисија за жалби по јавни набавки.
- Две негативни референци отстранети по одлука на надлежен суд или еквивалентно

Графикон 2.2




| | Наплата на гаранција та | Повлечен а понуда | Неприфат ена исправка на ар. грешка | ЕО одбива да потпише договор | Необезбе дена гаранција | Отстране ти од БЈН |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 14 | 3 | 1 | 16 | 11 | 11 |
| 2014 | 10 | 3 | 0 | 15 | 6 | 3 |
| 2015 | 13 | 14 | 2 | 17 | 18 | 7 |

Од прикажаните податоци, може да се забележи дека во 2015 година има тренд на зголемување на издадените негативни референци од страна на договорните органи, кое за некои правни основи е значително, како што се негативните референци кои се издадени поради повлекување на понудата по истекот на крајниот рок. Ваквите податоци покажуваат дека, за разлика од претходната година кога беше забележано намалување на бројот на издадени негативни референци, во 2015 година тој тренд се менува и истото може да претставува резултат на казнените одредби согласно кои се предвидени казни за лицата кои не објавиле негативна референца во случаите кога биле исполнети условите за тоа.

Листата на негативни референци е јавно достапна на ЕСЈН, а условите за издавање негативна референца се јасно пропишани во законот.

Интересен е и податокот што некои понудувачи како резултат на добивањето негативни референци, го имаат достигнато максимумот за неучество, односно имаат забрана за учество во постапките за доделување на договори за јавни набавки во траење од пет години.

# 3. Едукација за јавни набавки

## 3.1. Податоци од спроведените обуки во 2015 година

Бирото за јавни набавки во текот на 2015 година, согласно со своите законски надлежности наведени во член 14 - а од Законот за јавните набавки, продолжи да организира и да спроведува едукација за јавните набавки, во согласност со Законот и подзаконските акти и интерните упатства за спроведување на едукацијата.

Основна причина за отпочнување на оваа системска активност се напорите на Бирото да ги зајакне капацитетите на договорните органи и економските оператори за правилна примена на прописите за јавни набавки. Бирото ја реализираше едукацијата за јавните набавки врз основа на Годишниот план изготвен согласно со член 14 став 1 алинеја 14 и член 14 – а од законот, Правилникот за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата (Службен весник на Република Македонија бр.90/2012).

Бирото, согласно со член 14 став 1 алинеја 16 од законот, изготвува инструкции како интерни упатства за подготовка и спроведување на едукацијата за јавни набавки и обуката за обучувачи за јавни набавки, и истите се објавени на веб страната на Бирото, bjn.gov.mk. Бирото ги донесе следниве упатства:

- Интерно упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки од страна на Бирото за јавни набавки, бр. 10-241/1 од 04.02.2014 година, бр. 10 -241/2 од 27.10.2014 година, бр.11-470/1 од 19.02.2015 година,

- Интерно упатство за предавање на содржините пропишани со Програмата за едукација за јавни набавки од страна на обучувачите и Програмата за спроведување на обука за обучувачи за јавни набавки бр. 10-242/1 од 04.02.2014 година,
- Интерно упатство за работењето на членовите на комисијата за потребите на Едукацијата за јавните набавки бр. 10-2074/1 од 28.10.2014 година
- Интерно упатство за начинот на организирање и спроведување на испитот за учесниците на едукацијата за јавните набавки бр. 10-240/1 од 04.02.2014 година, бр.10-240/2 од 21.07.2014 година, 10 -240/3 од 27.10.2014 година, бр. 11-2762/1 од 07.10.2015 година.

*Во текот на 2015 се извршени измени на процедурите поради промена на начинот на работа на Одделението за едукација. Исто така е донесен и нов Прирачник за користење на ел.систем за едукација.*

Донесени се измени на процедурите поради промена на начинот на работа на Одделението:

- Процедура за квалитет – Едукација за јавните набавки за договорни органи,
- Процедура за квалитет – Начин на работа на комисијата за спроведување на писмениот испит.

Со оглед дека едукацијата за јавни набавки се реализира електронски донесен е и нов:

- Прирачник за користење на електронскиот систем за едукација (интерно) бр. 11-2111/1 од 30.07.2015 година, а претходниот прирачник е ставен вон сила.

Во месец јануари беше донесен Годишниот план за реализација на едукацијата за јавните набавки за 2015 година, кој успешно се реализираше. Планот во текот на годината беше изменет седум пати, со цел додавање на нови термини за обука и промена на постоечките, кои настанаа поради зголемениот интерес на договорните органи за присуство на обуките, а особено обуките за продолжување на важноста на потврдите за положен испит по јавни набавки.

Графикон 3.1

***Обука за договорни органи за лицата кои се немаат стекнато со потврди за положен испит.*** Се одржа 41 обука за договорни органи (редовни обуки за лица кои работат на јавни набавки со цел стекнување на потврда по прв пат, како и обуки за ресертификација за лицата кои го имаат положено писмениот испит по јавни набавки и се стекнале со потврда, а чија важност истекува). Активностите во рамки на програмата се реализираа преку предавања од обучувачите по јавни набавки кои потврдите за положен испит за обучувач ги добија во текот на 2014 година, односно го положија писмениот испит по јавни набавки по одржаната обука за ресертификација на обучувачите.

*Вкупно одржани 41 обука за договорни органи во текот на 2015 година.*

Графичкиот преглед на одржаните обуки во последните пет години е следна:

Графикон 3.2



Во 2010 се спроведени 18 обуки, во 2011 година се спроведени 16 обуки, во 2012 се спроведени 37 обуки, во 2013 вкупно 19 обуки, во 2014- 17 обуки, а во 2015 година – 21 обука.

Бројот на обучени лица од договорни органи, кои обуката ја следеле по прв пат, во 2015 година изнесува 403 учесници. Табеларниот приказ на лица кои ја посетувале обуката во последните пет години е следниот:

Графикон 3.3

*Во 2015 обучени 403 учесници кои обуката ја следеле по прв пат и 364 лица кои ја посетуваат обуката за ресертификација.*

**Обука за договорни органи за лицата кои се стекнале со потврда за положен испит по јавни набавки.** Согласно со измените на законот од 2011 година, потврдите за положен испит издадени согласно со Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/07, 130/08, 97/10 и 53/11) продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени, но не подолго од денот на влегувањето во сила на последните измени. Во текот на 2015 година, 364 лица ја посетувале обуката за Деловите 14 и 15 од Програмата, а останатите учесници, кои се уште ја немаа продолжено важноста на серификатите беа поканети повторно да учествуваат на ваквата

обука и да го полагаат писмениот испит по јавни набавки и со тоа да се стекнат со потврди за положен испит по јавни набавки.

**Обука за економски оператори.** Бирото за прв пат во 2013 година започна со организирање и спроведување на обуки, специјализирани за економските оператори. По направеното истражување со анкетни прашалници и преку одговорите на учесниците на обуките, Бирото констатираше дека со цел давање на подетални информации на економските оператори за прашања кои се само од нивен интерес, потребно е да се осмисли и спроведе обука само за нив. Поради наведеното, во Правилникот за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата се предвиде модулот за економски оператори. Оттука, Бирото во текот на 2015 година одреди 5 термини за дводневна обука за економските оператори. Сепак, интересот од страна на економските оператори беше слаб, па од наведените термини, немаше реализирано ниту еден, поради недоволен број на пријавени учесници.

**Анализа на задоволството на учесниците на едукацијата.** Бирото во текот на целата година, како и периодично, до сите учесници на едукацијата доставува анкетни прашалници во врска со задоволството од спроведените обуки и искористеноста на наученото во текот на работата.

Ваквите анкетни прашалници учесниците ги пополнуваат на крајот од секоја обука, а исто така, и по одреден период, по кој можат да утврдат дали обуката помогнала во нивната работа.

Одделението за обуки испрати анкетен прашалник до учесниците на обуката во месец јули на учесниците на обуката од февруари до јуни 2015 година, и во месец јануари 2016 година, и тоа на учесниците кои

ја посетуваа обуката во периодот септември – декември 2015 година. Анкетата беше испратена преку електронска пошта. Оваа анкета Одделенеито за обуки ја доставува на секои 6 месеци до учесниците на едукацијата со цел дополнително да излеземе во пресрет на потребите за едукација, во кој се поставени неколку прашања за начинот на спроведувањето на обуките како и рефлектирањето на истите врз нивната работа, како лица кои се стекнале со потврди за положени испити. Одделението за обуки овие анкети ги користи во насока на проверка на досегашната успешност на едукациите, како и за подобрување на обуките во текот на следната година. Дел од забелешките и коментарите се веќе имплементирани со соодвено направени измени во Интерните упатства за едукацијата.

*Бирото врши анализа на задоволството од квалитетот на обуките, при што среден просек е оцена 3,5 од можни 4.*

Одговор на Анкетниот прашалник доставија околу 55 учесници на обуката во првата половина и околу 70 од втората половина на годината. Прашањата на кои даваа одговор, како и одговорите на истите се следни:

Графикон 3.4

Според ваквата споредба, евидентно е дека Бирото континуирано има задоволителен среден просек над 3,5 од највисок можен просек од 4, како и тоа дека треба постојано да го подобрува

организирањето на едукацијата за истата да биде на исто или повисоко ниво.

Графикон 3.5

Особено позитивно е што во изминатиот период, 46% од учесниците одговориле дека во институцијата во која работат се намалил бројот на поништени постапки поради грешки во тендерската документација, а кај 31% делумно се намалил овој број.

Следниот графикон ги прикажува потребите на учесниците на обуката и тоа:

Графикон 3.6



Учесниците во најголема мера одговориле дека им се потребни повторни обуки, но само за одредени теми. Според ова, Одделението за обуки подготви и предлог за измена на подзаконскиот акт за едукација, со кој се предлага модулот за договорни органи за лицата кои се стекнале со потврда за положен испит да доаѓаат на обуки од различни теми, за разлика од досегашните кои се однесуваат единствено на измените на законот, подзаконските акти и електронскиот систем за едукација.

Учесниците на обуката имаа можност и да одберат една или повеќе теми за кои би сакале да посетуваат обуки, а нивните одговори се следниве:

Графикон 3.7

*Учесниците на обуките сметаат дека им се потребни повторни обуки и притоа преферираат модул за учење од далечина, при што Одделението во идниот период ќе изготви предлог за ваков модул на учење.*

Според одговорите на прашањето кое се однеува на модул на учење од далечина, во идниот период Одделението треба да изготви предлог за начинот на кој би се одвивал ваквото учење.

**Електронски систем за едукација.** Електронскиот систем за едукација отпочна да функционира на почетокот на 2012 година и негова основна намена е да се користи за најава на учесниците на обуките, евиденција за присуства, оценување на обучувачите, пополнување на евалуациони тестови, прикачување на презентациите и вежбите на обучувачите и полагање на писмениот испит.

Бирото постојано го надградуваше и подобруваше овој систем со цел истиот да овозможи спроведување поефикасни обуки. Во текот на 2015 година сите обуки согласно со Годишниот план за едукација, како и писмените испити по јавни набавки, се одржаа целосно електронски на Електронскиот систем за едукација.

Беа извршени повеќе ***измени на електронскиот систем за едукација***, поради подобро функционирање на истиот и олеснување на работата на Одделението за обуки и тоа:

- Опција за внесување на датум на платена фактура. На овој начин одделението за обуки при издавањето на потврдите за положен испит на учесниците на обуката, нема обврска да контактира со Одделението за финансиски прашања, туку редовно ги внесува плаќањата во електронскиот систем за едукација.
- Направена е промена во апликацијата за креирање на испити, со тоа што испитните прашања автоматски се генерираат во системот и се креира тест, наместо да има човечки фактор кој ќе бира прашања. На овој начин се намалува субјективното влијание од страна на вработените, при што испитните прашања сами се генерираат од фондот на прашања, подели во категории – јавни прашања, прашање од норматива, прашања од ЕСЈН и прашања од измени на законот.
- Преправка на сервисот за пријавување за обука преку интернет страната на БЈН и додавање во маската за обука поле со кое се означува која обука да излезе јавно на страната. Оваа функционалност е зголемена со тоа што учесниците можат само да видат дали обуката која ја избрале е за договорни органи, економски оператори или пак е обука за продолжување на важноста на потврдата за положен испитпо јавни набавки.

*Извршени повеќе измени на електронскиот систем за едукација поради подобро функционирање на истиот и олеснување на работата на Одделението за обуки.*

- Преправка на сервисот за пријавување на обука која се однесува на бројот на слободни места на обуката за која се пријавуваат учесниците. Истата е направена со цел учесниците да знаат уште колку слободни места има на терминот на обука на кој се заинтересирани да присуствуваат.
- Направена е промена кај апликацијата која ја гледаат корисниците, при што истите можат да направат промена на своите податоци (име и презиме, маил или датум и место на раѓање).
- Изработен е нов профил за корисник што ќе пристапува само во делот за фактури во Class manager со цел полесна проверка на плаќањата по издадени фактури и нов таб „Параметри“ за пребарување со што се овозможува пребарување на фактурите по повеќе критериуми (Име и презиме, фактура платена-неплатена итн).
- Во досие на учесник (покрај кор.име и име и презиме), додадено ден и место на раѓање со цел вадење на точен извештај во случај на учесници со исто име и презиме како и прикажување на договорен орган.
- Подобрување на модулот за писмен испит со визуелни олеснувања за учесниците при полагање на испитот.

**Други активности на Одделението за обуки.** Во периодот од 24 до 26 февруари 2015 година, Бирото, во соработка со Државниот завод за ревизија одржа три обуки за вработените лица во Државниот завод за ревизија. Обуката се одржа во просториите на Бирото за јавни набавки, а како предавачи на обуката беа државните службеници вработени во Бирото за јавни набавки

Тема на обуката беа Измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки, со посебен акцент на измените кои стапија во сила во месец септември и месец декември 2014 година, и новините кои се однесуваат на електронскиот систем за јавни набавки.

Обуките се одржаа по следниот распоред:

- 24 февруари –16 присутни учесници
- 25 февруари,– 15 присутни учесници
- 26 февруари, - 26 присутни учесници

Според тоа, обуката ја слушаа 57 лица од Државниот завод за ревизија. Ваквата активност беше позитивно прифатена од сите учесници на обуката. Низ конструктивни дебати, сугестии и презентирање на материјалите, обуката се реализираше успешно. Ваквата обука се одржува неколку години по ред, при што се зајакнува соработката на двете институции.

Владата на Република Македонија заклучи Бирото за јавни набавки да изготви и реализира акциски план за организирање на обуки за Законот за јавните набавки на институции кај кои најчесто се обжалуваат и поништуваат првостепените одлуки, односно здравствените институции, училиштата и градинките.

*Бирото во 2015 година одржа 3 обуки за вработените од Државниот завод за ревизија. Исто така, беа одржани и посебни обуки за претставници од областа на образованието, како и за претставници од здравствените институции.*

Постапувајќи по горенаведениот заклучок, Бирото во периодот од 15 -16 април 2015 година, спроведе две еднодневни обуки за претставници од договорните органи од областа на образованието, како и за преставници од здравствени институции од неколку градови во Република Македонија, и тоа

- 15 април 2015 година за учесниците од училиштата и градинките и
- 16 април 2015 година за учесниците од здравствените институции.

Во оваа насока, Бирото се обрати до Државната комисија за жалби по јавни набавки и побара да достави список на институции кај кои најчесто се обжалуваат и поништуваат првостепените одлуки.

Според доставените податоци од Државната комисија за жалби по јавни набавки, Бирото за јавни набавки со официјален

допис и покана за учество на обука се обрати до 14 институции од областа на образованието и 15 институции од областа на здравството.

На обуката за договорни органи од областа на образованието одржана на 15 април 2015 година, од вкупно поканети 14 институции, присуствуваа вкупно 22 учесници, додека пак на обуката за договорни органи од областа на здравството одржана на ден 16.04.2015 од вкупно поканети 15 институции, присуствуваа вкупно 15 учесници.

Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки до започнувањето на обуката, изготвија презентации и соодветни материјали за предавањата, при што Бирото изготви презентација од областа на последните измени и дополнувања на Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр. 148/13, Службен весник на Република Македонија 28/14, Службен весник на Република Македонија 43/14 и Службен весник на Република Македонија 130/14), а Државната комисија за жалби по јавни набавки изготви презентации од областа на правната заштита со осврт на согледаните неправилности во текот на спроведувањето на постапките кај секоја од групата на институции.

Агендата за двете обуки се состоеше од предавање за Законот за јавните набавки, измените и дополнувањата на Законот и новините во ЕСЈН. Предавањето од овој дел го реализираа државни службеници од Бирото. Делот од областа на најчестите грешки во спроведување на постапките забележани од ДКЖЈН како и правилата околу правилно постапување и непрекршување на битните повреди од Законот за јавни набавки беше реализиран од страна на предавачи, претставници од Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Бирото за јавни набавки на 20 април 2015 година во два печатени медиуми објави повик до заинтересираните и договорни страни кои го спроведуваат Законот за јавните набавки за учество на

програмата за едукација. Имено, на 20 април 2015 година јавниот повик беше објавен во дневниот весник Вечер и во Утрински весник. Истиот ден онлајн беа отворени сите термини за обука од септември до декември месец, на кои сите договорни органи и економски оператори можат да ги пријават своите учесници на некоја од обуките кои континуирано се одржуваат. Јавниот повик кој беше објавен во два дневни весници е постојано отворен и на веб страната на Бирото за јавни набавки bjn.gov.mk со поголем број на информации потребни за обуката.

На ден 28 мај 2015 година, СИГМА одржа работилница за поттикнување на иновации во јавните набавки, чија цел беше запознавање на учесниците за можностите во делот на иновациите во јавните набавки.

*На 28 мај 2015 година, СИГМА одржа работилница за поттикнување на иновации во јавните набавки, на која присуствуваа вкупно 24 учесници од повеќе институции.*

Еднодневната обука се одржа во Хотел ТЦЦ Гранд Плаза. На барање на СИГМА, Бирото за јавни набавки предложи повеќе институции за учество на оваа работилница и истите ги покани да присуствуваат.

Беа поканети да присуствуваат следните институции: Државна комисија за жалби по јавни набавки, Град Скопје, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за одбрана, Министерство за транспорт и врски, Агенција за патишта, Народна банка на Република Македонија, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Државен завод за индустриска сопственост, Министерство за труд и социјална политика, Собрание на РМ, Општина Кисела Вода, Министерство за информатичко општество и администрација, Фонд за иновации и технолошки развој, Министерство за здравство и Министерство за образование и наука. Поголемиот дел од институциите го остварија учеството на работилницата. Предавањето го следеа вкупно 24 учесници.

# 4. Податоци добиени од други институции

## 4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки

Согласно со Законот за јавните набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки, решавање по жалби во постапките за доделување на договори за концесии и јавно приватно партнерство, како и за решавање по жалби на решение донесено од Советот за јавни набавки.

*Од 610 решени предмети 91 жалба е против решенијата издадени од Советот за јавните набавки.*

Имено, Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките кои како поединечни правни акти се донесени во постапките за доделување договори за јавни набавки. Исто така, комисијата одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

Според податоците од Државната комисија[1], во 2015 година вкупната бројка на пристигнати и заведени предмети е 626, од кои решени се вкупно 610 предмети. Нерешени предмети поради некомплетна документација се 16 предмети.

Од наведените 610 решени предмети, 91 жалба против решенија издадени од Советот за јавни набавки. Исто така, против

[1] Податоците кои се дел од овој Извештај се добиени од Државната комисија за жалби по јавни набавки

решенијата донесени од страна на Државната комисија, во текот на 2015 година изјавени се вкупно 91 тужба до Управниот суд.

Во графиконот кој е даден во прилог се наведени податоците добиени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки. За споредба, во истиот се наведени и податоците од претходните 5 години.

Графикон 4.1




*Зголемен е бројот на примени и решени предмети во однос на минатата година.*

Од податоците во графиконот се забележува тренд на намалување на вкупниот број на примени предмети, како и на бројот на решени и нерешени предмети.

Меѓутоа, во споредба со 2014 година, во 2015 година се забележува зголемување на бројот на примени предмети, како и бројот на решени предмети. Во категоријата на нерешени предмети бројката е идентична како во 2014 година, односно 16 предмети.

Бројот на примени предмети во 2015, исто како и во 2014 година е зголемен со оглед на новата надлежност на Државната комисија за жалби по јавни набавки од 1 мај 2014 година, која се однесува на одлучување по жалби на решенија донесени од Советот за јавни набавки. Имено, од вкупниот број на решени предмети во

2015 година кој изнесува 610 предмети, 91 жалба е против решенијата донесени од страна на Советот за јавни набавки.

Исто така, според податоците од Државната комисија за жалби по јавни набавки, вкупно 12 барања за продолжување на постапката се поднесени во 2015 година. Од таа бројка, 7 барања се одбиени, 5 барања се отфрлени, а ниту едно барање не е уважено.

*Од вкупно 12 барања за продолжување на постапка поднесени во 2015 година, 7 барања се одбиени, 5 барања се отфрлени, а ниту едно не е уважено.*

Графикон 4.2




Графиконот 4.2 ги покажува податоците од 2010 до 2015 година кои се однесуваат на бројот на уважени жалби, бројот на одбиени жалби, бројот на отфрлени жалби, бројот на уважени жалби од договорен орган, како и бројот на повлечени жалби. Споредувајќи ги податоците се забележува дека постои зголемување кај бројот на уважени жалби, а за разлика од претходната година се забележува и намалување во однос на одбиените жалби.

Графикон 4.3




Што се однесува до бројот на поднесени тужби против одлуките донесени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки пред Управниот суд на Република Македонија, во графиконот 4.3 се прикажани податоците од 2010 до 2015 година, при што се забележува дека вкупниот број на поднесени тужби е зголемен за разлика од 2014 година, односно изнесува 91 поднесена тужба. Бројот на предмети по кои постапувала Државната комисија е зголемен за 35 предмети во однос на 2014 година.

## 4.2. Управен суд на Република Македонија

Управниот суд на Република Македонија е надлежен за решавање по поднесени тужби од странки кои се незадоволни од одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Со оглед на таа надлежност, оваа институција е од големо значење во делот на правната заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Бирото за јавни набавки ги наведува податоците за поднесените тужби против одлуките на Државната комисија пред Управниот суд во годишните извештаи поради прецизно согледување на ефикасноста и ефективноста на правната заштита во областа на јавните набавки. Овие податоци можат да се видат во Графиконот 4.4 кој е во прилог:

Графикон 4.4

*Намален е бројот на уважени и одбиени тужби во однос на минатата година.*




Графикон 4.5

*Зголемен е бројот на отфрлени тужби во однос на минатата година.*




Во Графиконот 4.5 се наведени податоците околу бројот на уважени тужби, одбиени тужби, отфрлени тужби и запрени

постапки, во споредба со претходните четири години. Податоците од 2015 година во споредба со оние од 2014, укажуваат на намалување на бројот на одбиени тужби, додека бројот на уважени тужби во 2015 година е намален за една тужба во однос на 2014. Што се однесува до бројот на запрени постапки, истиот во 2015 година изнесува 1 запрена постапка.

## 4.3. Виш Управен суд

*Од 28 управни жалби за 19 е донесена одлука за одбивање а во 1 случај е потврдена одлуката на Управниот суд односно истата е уважена.*

Вишиот управен суд одлучува по жалбите против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен, а кои се однесуваат на поништување на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Според податоците добиени од Вишиот управен суд на барање на Бирото за јавни набавки, во текот на 2015 година, во Вишиот управен суд вкупно се примени 35 предмети од областа на јавните набавки, од кои 28 се управни жалби, додека останатите 7 се управни жалби со времени мерки.

*Од вкупно 7 примени управни жалби со времени мерки 6 се одбиени а во 1 (еден) предмет е донесена одлука со која жалбата е уважена.*

Во 19 УЖ предмети се донесени одлуки со кои жалбите се одбиени, а одлуките на Управниот суд се потврдени, во 1 (еден) предмет е донесена одлука со која жалбата е уважена, а пресудата на Управниот суд е преиначена, како и во 1 (еден) предмет донесена е одлука со која жалбата е уважена, одлуката на Управниот суд е укината, предметот е вратен на повторно одлучување на Управниот суд.

По заведените 7 (седум) УЖВМ предмети донесени се одлуки со кои во 6 предмети жалбите се одбиени, а одлуките на Управниот суд се потврдени и во 1 (еден) предмет донесена е одлука со која жалбата е уважена, одлуката на Управниот суд е укината, предметот е вратен на повторно одлучување на Управниот суд. Во наведените

предмети не се донесени одлуки за поништување на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Од наведениот број на предмети во текот на 2015 година се решени вкупно 28 предмети. Овие податоци се прикажани во Графиконот 4.6 во прилог:

Графикон 4.6




## 4.4. Државен завод за ревизија

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Македонија, која меѓудругото врши ревизија на регуларност и ревизија на успешност кај јавните набавки. При вршењето на ревизија на регуларност, покрај останатото, ревизорските тимови вршат и испитување и оценка на користењето на средствата согласно законските прописи. Во тие рамки се врши увид во начинот на планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки спроведени во периодот за кој се врши ревизија.

Податоците добиени од страна на Државниот завод за ревизија се од особено значење за Бирото кое врз основа на истите планира преземање на соодветни мерки, кои се во функција на

отстранување на констатираните неправилности и нерегуларност за договорните органи кои подлежат на ревизија.

Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и резултатите од нив и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година, а информациите кои ќе бидат објавени во Извештајот Бирото за јавни набавки ќе може да ги употреби за свои цели.

Во соработка со Државниот завод за ревизија, Бирото во септември 2015 година изработи Прирачник за најчести грешки при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки кој е изготвен со цел на договорните органи да им ги посочи најважните чекори кои треба да се преземат во фазите на спроведувањето на јавните набавки со цел да се избегнат грешки и да се обезбеди правилна примена на Законот за јавните набавки.

## 4.5. Државна комисија за спречување на корупцијата

*За 2 од вкупно 10 предмета за можна корупција, ДКСК сметала дека има основано сомнение за сторени кривични дела.*

Во текот на 2015 година, Државната комисија за спречување на корупцијата постапила по вкупно 10 доставени пријави за можна корупција во областа на јавните набавки, во однос на постапките за доделување на договори за јавни набавки кои биле спроведени од страна на договорните органи. Во 2 од наведените предмети, Државната комисија за спречување на корупцијата сметала дека има основано сомнение за сторени кривични дела во вршење на службената положба и овластување од страна на одговорните лица кај договорните органи. Имено, Државната комисија достави 2 иницијативи до Јавното обвинителство на Република Македонија за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни

претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капител поради постоење основи за сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 од Кривичниот законик на Република Македонија. Кај овие предмети покрај прекршувања на други закони се утврдени и прекршувања на Законот за јавните набавки од страна на лицата против кои Државната комисија за спречување на корупција поднесе Иницијатива до Јавното обвинителство на Република Македонија.

Доколку се споредат претходните години (2012, 2013, 2014 и 2015) може да се констатира дека е присутна континуирана тенденција на намалување на пријави во споредба со претходниот период (во 2011 година имало дури 45 пријави). Имено, во 2012 година доставени се 29 пријави за можна корупција, во 2013 година само 14 пријави, во 2014 година има доставено 25 пријави, а во 2015 има доставено вкупно 10 пријави за постоење сомнеж за корупција во јавните набавки. Може да се констатира дека едукацијата за јавни набавки за договорните органи која Бирото за јавни набавки ја спроведува, а содржи теми кои го опфаќаат спречувањето на корупцијата во јавните набавки и судирот на интереси ја зголемува информираноста и помага во насока на намалување на случаите на корупција во јавните набавки. [2]

*Намален е бројот на поставени пријави за постоење на сомнеж за корупција во однос на минатата година.*

Заради постојано унапредување на воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото континуирано соработува со институциите кои од свој аспект на своето делување влијаат врз истиот. Во овој период, Бирото за јавни набавки даде свој придонес со предлог активности во областа на јавните набавки при изготвувањето на

[2] Податоците се добиени од Државната комисија за спречување за корупција

новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016 – 2019 со Акционен план на Државната комисија за спречување на корупцијата.

## 4.6. Комисијата за заштита на конкуренцијата

Слободната конкуренција е од особена важност за сите држави чии економии се темелат на начелото на слободен пазар, каде што распределбата на средствата е резултат на односите на понудата и побарувачката на пазарот. Правото на конкуренција како една од политиките на внатрешниот пазар на Европската унија и нејзините земји членки, како и на сите држави во чии што економии е втемелено начелото на слободен пазар, има за цел да ги спречи поединечните практики и деловни активности на пазарот, кои одредени претпријатија можат да ги доведат во неоправдано поповолна позиција во однос на другите претпријатија.

*Во 2015 година КЗК нема утврдено потешки или полесни прекршоци во однос на конкуренцијата кај јавните набавки.*

Ваквото ставање во поповолна позиција во однос на другите претпријатија при доделување на договорите за јавни набавки, би ја довело во прашање и би ја загрозило слободната конкуренцијата помеѓу претпријатијата.

Законското спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, а особено почитувањето на начелото на конкуренција меѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори претставува предмет на интерес на Комисијата за заштита на конкуренцијата, а во текот на 2015 година истата нема утврдено потешки или полесни прекршоци во однос на конкуренцијата кај јавните набавки, не е изречена глоба за сторен прекршок и не е утврдено постоење на забранети договори помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Комисијата за заштита на конкуренцијата од 2012 година воведе една новина со која што се забрануваат договорите помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за јавни набавки. Ова особено доаѓа до израз ако се има предвид, дека и во претходната 2015 година Комисијата нема утврдено потешки или полесни прекршоци во однос на конкуренцијата кај јавните набавки, односно, не е утврдено постоење на забранети договори помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за доделување на договори за јавни набавки. [3]

Треба да се напомене дека Бирото за јавни набавки неколку години по ред добива слични податоци во поглед на заштитата на конкуренцијата од Комисијата за заштита на конкуренцијата. Наведените податоци не коресподираат во целост со фактичката состојба и информациите кои Бирото ги добива од економските оператори, кои не ретко се жалат на нереално ниски цени или ограничување на конкуренцијата по други основи.

Може да се изведе заклучок дека е потребно продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете институции со цел да се поттикнат економските оператори да ги пријавуваат случаите на незаконски договарања или други случаи на попречување на конкуренцијата.

[3] Податоците се добиени од Комисијата за спречување на конкуренцијата

# 5. Соработка со други институции

## 5.1. Соработка со институции во Република Македонија

*Заради постојано унапредување на воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото континуирано соработува со институциите кои од свој аспект на своето делување влијаат врз истиот, со цел да се подобри капацитетот на договорните органи*

Меѓусебната соработка и размена на знаења со склученио Меморандум за соработка помеѓу Правниот факултет Јустинијан I, Економскиот факултет Скопје и Бирото за јавни набавки ќе придонесат со зголемен квалитет пред се на полето на едукацијата и во други области во кои овие факултети имаат заеднички интерес со Бирото. Првите активности во делот на едукацијата се реализираа, а воедно се иницираа и нови области за заедничко делување во областа јавни набавки, за кои поконкретни резултатите се очекуваат во наредниот период.

Заради постојано унапредување на воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото континуирано соработува со институциите кои од свој аспект на своето делување влијаат врз истиот како што се: Министерството за правда, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и други институции преку размена на меѓусебните искуства.

Една од институциите со кои Бирото соработуваше во текот на минатата година е и Академијата за судии и јавни обвинители која согласно Програмата за обука на судските службеници и на јавнообвинителските службеници, организираше две обуки за примена на Законот за јавните набавки. Првата обука се спроведе на тема „Примена на Законот за јавните набавки“, додека тема на втората обука беше „Законот за јавни набавки со посебно тежиште на борбата против корупција“.На првата обука учествуваа 26 учесници од редовите на членовите на комисиите за јавни набавки во

судовите, додека пак на втората обука учествуваа 25 учесници – судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја.

На барање на Државниот завод за ревизија, Бирото за јавни набавки во периодот од 24-26 февруари 2015 година, одржа 3 обуки за измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки. Обуката се состоеше од два дела, и тоа дел кој се однесува Измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки и втор дел кој се однесува на новините во Електронскиот систем за јавни набавки. Низ конструктивни дебати, сугестии и презентирање на материјалите, обуката се реализираше успешно. Ваквата обука се одржува неколку години по ред, при што се зајакнува соработката на двете институции.

Бирото за јавни набавки зема активно учество во работната група 23 Правосудство и фундаментални права, при што во рамки на „Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија“ предвиде неколку активности за борба против корупцијата.

Сите погоре наведени активности, беа преземени со цел да се подобри капацитетот на договорните органи, односно да се зајакне професионалноста, стручноста и одговорноста на лицата кои работат на јавните набавки, што всушност претставува и препорака на Европската комисија во извештаите за напредокот на Република Македонија.

## 5.2. Соработка со меѓународни институции поврзани со јавни набавки и меѓународна соработка при ЕУ интеграција

Во рамки на своите надлежности за соработка со меѓународни институции и други странски субјекти за работи поврзани со

развојот на системот на јавните набавки, претставници на Бирото за јавни набавки на покана на одредени меѓународни институции во текот на 2015 година, имаа можност да разменат искуства со претставници на тие институции како и со претставниците на останатите земји учеснички.

Во текот на 2015 година, Бирото продолжи да соработува и со претставниците на СИГМА. На 28 мај 2015 година во Скопје во организација на СИГМА се одржа работилница за поттикнување на иновации во јавните набавки, чија цел беше запознавање на учесниците за можностите во делот на иновациите во јавните набавки на која учествуваа претставници од Град Скопје, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за одбрана, Министерство за транспорт и врски, Агенција за патишта, Народна банка на Република Македонија, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Државен завод за индустриска сопственост, Министерство за труд и социјална политика, Собрание на РМ, Општина Кисела Вода, Министерство за информатичко општество и администрација, Фонд за иновации и технолошки развој, Министерство за здравство и Министерство за образование и наука, Државната комисија за жалби по јавни набавки и вработените во Бирото за јавни набавки. Предавањето го следеа вкупно 24 учесници. Воедно, со СИГМА се реализираа и други активности заради реализација на предвидените активности од документот „Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014–2018“.

*БЈН во текот на 2015 година продолжи да соработува со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од Западен Балкан, заради натамошно усогласување со европското законодавство и примена на добрите практики во областа на јавните набавки.*

Во рамки на соработката која се реализира преку „мешовитата македонско-бавараска комисија“ на Баварија и Република Македонија во периодот од 7-10 септември 2015 година во Минхен, се реализираше студиски престој на претставници од

Бирото за јавни набавки со посета на повеќе институции вклучени во системот за јавни набавки на тема „Усогласување со правото на Европската унија“.

Уште еден пример за добра билатерална соработка е реализираната шестта рунда на македонско-полската „Скопска конференција“ во првата недела од месец ноември 2015 година на која, помеѓу останатите претставници од Република Македонија, присуствуваше и претставник од Бирото за јавни набавки. Оваа конференција претставува форум на соработка помеѓу македонската и полската администрација во насока на евроинтеграциите каде се пренесуваат искуствата на полската државна администрација од процесот на интеграција во Европската Унија. Оваа конфренција покрај останатите теми ја опфати и темата за Поглавјето 5 јавни набавки.

Во периодот од 26 до 27 мај 2015 година во Истанбул, Република Турција се одржа Регионална конференција на тема „Проценка на ризиците од корупција, јавни набавки и отворено договарање во Југоисточна Европа“. Настанот беше организиран од Регионалната антикорупциска иницијатива, Регионалниот совет за соработка, Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП.

Претставник од Бирото за јавни набавки зедно со уште неколку претставници од Република Македонија на покана на Фондот за отворено друштво, Белград, Република Србија, а во соработка со Центарот за граѓански комуникации учествуваше на регионалата конференција за јавни набавки која се одржа на 27 ноември, 2015 година. Конференцијата се одржа во рамките на регионалниот ЕУ проект: „Кон ефикасни механизми за јавни набавки во земјите (потенцијални) кандидати за членство во ЕУ“, со учество на претставници (од владини и невладини) институции од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словачка. На конференцијата беа презентирани сите анализи на институционалната и законската

рамка за јавни набавки во земјите, пред се од аспект на оценка на целисходноста во јавните набавки.

Советодавниот комитет за јавни набавки претставува советодавно тело на Европската комисија на кое се дискутира за различните проблеми во јавните набавки со кои се соочуваат земјите членки на Европската унија . На овој комитет се дискутира и за модернизација на системот на јавни набавки, новите директиви и решенија кои треба да се воведат во законодавството на Унијата, а Република Македонија као земја кандидат учествува како набљудувач. Во текот на 2015 година, претставниците од Бирото за јавни набавки учествуваа во работните групи како набљудувачи во работната група за јавни набавки и во работната група за е-набавки на Советодавниот комитет за јавни набавки во Брисел, Кралството Белгија.

Бирото за јавни набавки раководи и со Работната група за поглавјето 05. Јавни набавки во рамки на „Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија“ на Република Македонија. Во текот на 2015 година работната група ги реализира предвидените активности.

Во 2015 година се интензивираа и односите со Светска банка, меѓу другото, и со учество на претставници на Бирото на Регионалниот форум за јавни набавки за земјите од Европа и Централна Азија во Батуми, Грузија.

Може да се забележи дека Бирото за јавни набавки и во текот на 2015 година продолжи да соработува со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од Западен Балкан, заради натамошно усогласување со европското законодавство и примена на добрите практики во областа на јавните набавки.

# 6. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки

Со воведувањето на Електронскиот систем за јавни набавки им се даде можност на сите договорни органи во РМ да ги спроведуваат своите постапки за доделување договори за јавни набавки по електронски пат. Имено, огласите за доделување на договор за јавна набавка задолжително се објавуваат на ЕСЈН заедно со тендерската документација која можат да ја преземат регистрираните економски оператори. Исто така, спроведувањето на набавките преку ЕСЈН подразбира дека сите дејствија во постапката (поднесување на понуди, јавното отворање и евалауција, донесување одлуки, известувања за донесени одлуки, комуникација со економски оператори) се спроведуваат во електронска форма.

*Со измените на Законот за јавни набавки воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во наредните три години.*

Со оглед на фактот дека спроведувањето на постапките по електронски пат е на доброволна основа, бројот на електронски постапки кои се спроведуваат од година во година е релативно мал. Со измените на Законот за јавни набавки (член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.78/2015) воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во распон од следните три години. Договорните органи се должни да ги спроведуваат отворените постапки, ограничените постапки и постапките со барање за прибирање на понуди со користење електронски средства преку ЕСЈН, и тоа:

- во најмалку 30% од објавените огласи од 1 јануари 2016 година,
- во најмалку 50% од објавените огласи од 1 јануари 2017 година и
- во 100% од објавените огласи од 1 јануари 2018 година.

Зголемување на употребата на електронски јавни набавки или е-набавките е една од важните цели од Стратегијата на ЕУ за 2020 година и е во согласност со новите Директиви на ЕУ за јавни набавки се воведува задолжителност на е-набавките од 2016 - 2018 година и тоа (постепено за различни делови од процесот на јавната набавка).

*Бирото за јавни набавки постојано го надградува Електронскиот систем за јавни набавки со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка.*

Бирото за јавни набавки согласно надлежностите да управува и оперира со Бирото за јавни набавки постојано го надградува Електронскиот систем за јавни набавки со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка. Како дел од поважните подобрувања на ЕСЈН во 2015 година се:

- Редизајн на ЕСЈН – во првата фаза на редизајнот на ЕСЈН (2014 година) беше целосно редизајнирана почетната страна (јавен дел) на ЕСЈН, процесот на регистрација на корисниците и електронските аукции. Исто така, беше развиена и апликација на ЕСЈН прилагодена за употреба на мобилни уреди и таблети. Во 2015 година започна редизанот на профилите на корисниците (корисничкиот дел на ЕСЈН). Новиот дизајн е уникатен, близок до корисникот и овозможува поедноставно користење на системот, поголема прегледност и лесна навигација. Корисничкиот интерфејс е надграден со дополнителни визуелни елементи што овозможуваат брз и директен пристап до најчесто користените акции што ги преземаат корисниците;
- Воведен нов концепт на деливи набавки со кој значително се олеснува начинот на јавното отварање и евалуација на понудите како и испраќање на известувањата до понудувачите за донесената одлука;

*Проектот „Тендерско досие“ претставува имплементација на нов процес на издавање на пакет документи – електронски потврди потребни за докажување на личната, професионалната и финансиската способност*

- Проект „Тендерско досие“ – Овој проект претставува имплементација на нов процес на издавање на пакет документи – електронски потврди потребни за докажување на личната, професионалната и финансиската способност на економските оператори при учество на јавни набавки. Овој нов процес би го заменил постојниот каде економските оператори се должни сами да ги обезбедат потребните документи и истите да ги прикачат мануелно на системот, а воедно и да се грижат за нивно обновување на секој 6 (шест) месеци согласно постојната законска регулатива. Во текот на 2015 година се работеше на имплементација на овој проект, а реализацијата на проектот се очекува во 2016 година кога ќе се поврзат системите на БЈН и ЦРРМ преку воспоставување на веб сервиси. Проектот „Тендерско досие“ овозможува повеќе предности: намалување на трошоците за обезбедување на документите (заштеди при подготовката на понудата), надминување на потребата од физичко присуство на шалтер и нивно обновување два пати годишно, зголемување на бројот на регистрирани економски оператори и на економски оператори кои учествуваат во постапки за е-набавки, олеснето користење на документите при евалуација на понудите и заштедување на дисков простор за складирање и чување на документите на ЕСЈН;
- Промена на начинот на обновување на претплатата – Со новата имплементација на регистрираните економски оператори им се овозможува продолжување на претплатата 10 дена пред истекот;
- Регистрација на физички лица како економски оператори – Креиран посебен модул преку кои физичките лица можат да се регистрираат како економски оператори на ЕСЈН;

- Подобрување во модулот „Негативна референца“ – со ова подобрување на договорните органи им е овозможено да пребаруваат негативна референца на различна дата од тековната;
- Оптимизација, хардверски и софтверски подобрувања и останати помали подобрувања на ЕСЈН;

Задолжителната употреба на електронскиот систем во спроведувањето на јавните набавки повлекува идни планови за надградување на системот и развој на нови алатки за уште полесен и поедноставен пристап и користење на системот. Како дел од идните поголеми надградби и нови функционалности кои се планираат на ЕСЈН на краток и среден рок се:

- Автоматско генерирање и прикачување на извештајот од негативна референца во досието на постапката;
- Автоматско генерирање и прикачување на извештајот/ите од аукција/и во досието на постапката;
- Промена на членови избрани во комисија за јавна набавка од страна на одговорно лице;
- Преглед на тендерска документација во “view mode” без потреба од регистрација;
- Објавување на годишните планови за јавни набавки на ЕСЈН;
- Модул за поврзување на дополнителните набавки со основниот договор;
- Модул за објавување на огласи на меѓународните институции;
- Архивирање и back-up на податоците на ЕСЈН;
- Анализа на потребата од воведување на прикачување на дигитални сертификати на ниво на апликација

Имајќи ги во предвид основните карактеристики на Електронските системи за јавни набавки ПОЛЕСНО, ПОБРЗО, ПОЕФТИНО (easy, faster, cheper) со сигурност може да се каже дека со е-набавките се упростува начинот на спроведување на постапките,

се постигнуваат подобри резултати, се намалува времетраењето на постапките, се зголемува транспарентноста и фер конкуренцијата, а исто така и се намалуваат трошоците преку подобрување на ефикасноста на јавните расходи. Дополнително електронските набавки ја зголемуваат довербата во системот за јавни набавки што се забележува преку зголемена регистрација на ЕСЈН и учеството на малите и средни претпријатија.

*Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, за 2015 година позначајни показатели се:*

*- корисници на ЕСЈН се 1.417 договорни органи и преку 5.200 активни економски оператори;*

*- објавени се **18.438** огласи и **27392** известувања од различен вид и **18.413** тендерски документации;*

*- спроведени се вкупно **над 41.500** аукции*

И покрај многубројните придобивки кој произлегуваат од користењето на ЕСЈН, од моментот на воведување на ЕСЈН договорните органи и економските оператори се соочуваат со повеќе предизвици од неговото користење, кои во најголем број случаи се однесуваат на: страв од непознатото и отпор за менување на добро познатиот начин на спроведување на постапките за јавни набавки во хартиена форма; недоволно познавање на информатичко-комуникациската технологија; недоверба во новите технологии за преземање на дејствијата поврзани со постапките за јавни набавки итн.

За надминување на потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат корисниците при користењето на системот, Бирото за јавни набавки спроведува континуирани обуки за корисниците кои вклучуваат и практични вежби за користење на системот, изработени се Прирачници за користење на системот за договорни органи и економски оператори кои постојано се ажурираат, а Секторот за следење и управување со ЕСЈН овозможува постојана поддршка при користењето на системот и развива алатки за негово полесно совладување и употреба.

Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, во 2015 година постигнато е следното:

- системот го користат околу 1.417 договорни органи (со вкупно 11.626 корисници во рамките на ДО од кои активни се 8.546 корисници) и 5.272 активни економски оператори (од вкупно регистрирани 11.772 ЕО);

- над 1.266 одговорени прашања преку линкот прашања и одговори на ЕСЈН поставени од договорни органи и економски оператори во врска со начинот на функционирање и користење на ЕСЈН во текот на 2015 година;
- преку центарот за корисничка подршка примени се вкупно 3.634 повици кои се однесуваат на функционирањето на Електронскиот систем за јавни набавки и е-аукции;
- објавени се 18.469 огласи и 27.392 известувања од различен вид;
- вкупно објавени тендерски документации – 18.413;
- спроведени се над 41.500 аукции, односно во просек над 158 аукции дневно (само работни денови).

Во поглед на посетеноста и користењето на системот на месечно ниво, податоци се дадени во следниве табели и графикони:

Табела 6.1

| **Прегледи на страни** | |
|---|---|
| Вкупно прегледи на страни | 786.218 |
| Просечно прегледи на страни по ден | 39.311 |
| Просечно прегледи на страни по посетител | 8,5 |
| **Посетители** | |
| Вкупно посетители | 92.723 |
| Просечно посетители по ден | 4.636 |
| Вкупно уникатни ИП адреси | 17.475 |

Графикон 6.1 – Пристапи дневно



Графикон 6.2 – Активности по ден во неделата




Графикон 6.3 – Активности по час во денот

Графикон 6.4 – Посетители по држави

Графикон 6.5 – Веб страни- најголеми препраќачи

Графикон 6.6 – Веб-прелистувачи на посетители




Графикон 6.7 – Тип на уреди

# 7. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2015 година

Во оваа глава е дадена квалитативна и квантитативна анализа на пазарот на јавните набавки во Република Македонија за 2015 година. Податоците се категоризирани по разни параметри и видови, со цел подобро да се согледа состојбата во областа на јавните набавки, финансиските текови и импликациите врз јавната потрошувачка преку спроведените набавки. Прикажаните податоци кои се дадени во овој извештај се однесуваат на огласите за доделување на договор за јавна набавка, конкурси за избор на идејно решение, прилози, поништувања и сите договори склучени за јавни набавки во дадениот период. Сите наведени обрасци се објавени и јавно достапни за прегледување на ЕСЈН.

*Во 2015 година се доделени 27.392 договори за јавни набавки во вкупна вредност од околу 46.5 милијарди денари или преку 755 милиони евра*

Прибраните податоци се анализираат со употреба на модулот за следење и статистички приказ на трендовите во јавните набавки, имплементиран на Електронскиот систем за јавни набавки. Базата на податоци на ЕСЈН е единствена од ваков вид во Република Македонија и ги отсликува целокупните и реални случувања во областа на јавните набавки во земјава. Потребно е да се напомене дека во 2014 година се направени измени и ревидирање во начинот на пресметување и статистичкиот приказ на извештаите добиени од Електронскиот систем за јавни набавки поради воведувањето на новите законски решенија и обврски како што се проценета вредност и конечна цена.

Алатката за навремено и задолжително доставување на информации за постапките, воведена на ЕСЈН, овозможува прибирање на целосни и релевантни податоци и вршење на компаративна анализа на податоците која ги опфаќа сите договорни органи и сите спроведени постапки за јавни набавки, па затоа

дадените податоци во понатамошниот текст даваат целосна слика за состојбата на пазарот на јавните набавки за 2015 година. Сепак, треба да се напомене дека точноста на дадените податоци, може да отстапува со минимална статистичка грешка, која што се должи на неправилно внесување на некои од вредностите при пополнувањето на известувањата на ЕСЈН. Имено, одговорност на договорните органи е правилно да ги пополнуваат електронските обрасци, а поради видот и обемот на процесот на пополнување, не е можно автоматска контрола или прегледување на пополнетите обрасци од страна на Бирото.

*Уделот на јавните набавки во вредноста на БДП во Македонија за 2015 г. изнесува 8%*

Бројката на доделени договори за јавни набавки за 2015 година, добиена од базата на податоци на ЕСЈН изнесува – 27.392 договори за јавни набавки, во вкупна вредност од **46.451.630.320** денари (околу 46.5 милијарди ден.) или приближно 755 милиони евра. Вредноста на јавните набавки во државата за 2015 година изнесува 8% од БДП на Република Македонија. Според податоците со кои располага Бирото, вредноста на склучените договори во 2015 година, споредено со претходната година е намалена за околу 23%, додека бројот на склучените договори (21.938 склучени договори минатата година) е зголемен во однос на 2014 година за 24%.

*Уделот на јавните набавки во буџетот на Република Македонија за 2015 г. изнесува 25%*

Тука може да се истакне дека во последните три години, вредноста на склучените договори за јавни набавки во Република Македонија е на најниско ниво – графикон бр. 7.1. Споредбени податоци за обемот на јавните набавки како удел во БДП-то и буџетот за 2015 година се дадени во табела бр.7.1

Графикон 7.1

Табела 7.1

| Вредност на склучените договори за јавни набавки | Јавните набавки како процент од Буџетот | Јавните набавки како процент од БДП |
|---|---|---|
| 46.5 милијарди денари | 25% | 8% |

## 7.1. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки

*Во 2015 година објавени се 18.469 огласи за доделување на договори за јавни набавки*

Во 2015 година се објавени **18.469** огласи за доделување на договори за јавни набавки, од кои 8.383 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност, 5.421 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност на договорот за јавна набавка за стоки и услуги до 20.000 евра во денарска противвредност и на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, 4.609 огласи за отворена постапка, 2 огласи за ограничена постапка, 6 за постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, 17 огласи за воспоставување на квалификациски систем и 31 огласи за конкурс за избор на идејно решение.

Согласно законските измени во 2014 година, доколку проценетата вредност на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ е над 50.000 евра за стоки и услуги, односно над 200.000 евра за работи, огласот задолжително се објавува во Службено гласило на Европската унија – TED (Tenders electronic daily), во 2015 година има објавено вкупно 2.612 огласи на TED.

Во Табела бр. 7.2 и Графикон бр. 7.2 даден е приказ на бројот на објавени огласи според видот на постапката.

Табела 7.2

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| **Барање за прибирање на понуди** [4] | 8.383 |
| **Барање за прибирање на понуди** | 5.421 |
| **Отворена постапка** | 4.609 |
| **Ограничена постапка** | 2 |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 6 |
| **Квалификациски систем** | 17 |
| **Конкурс за избор на идејно решение** | 31 |
| **Вкупно** | **18.469** |

[4] - постапка со барање за прибирање до 5.000 евра во денарска противвредност

Графикон 7.2




*Најмногу огласи за доделување на договор во 2015 година се објавени со постапка со барање за прибирање на понуди, вкупно 13.804*

Најмногу огласи за доделување на договор во 2015 година се објавени со постапка со барање за прибирање на понуди, вкупно 13.804 и со отворена постапка 4.609 огласи. Од вкупно 13.804 огласи со барање за прибирање на понуди, 8.383 се огласи кои се објавени за постапки со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност.

*Бројот на објавени огласи е зголемен за 17% во споредба со 2014 година.*

Во 2015 година објавени се вкупно 18.469 огласи за доделување на договор за јавна набавка, и може да се констатира дека бројот на објавени огласи е зголемен за 17% во споредба со 2014 година кога биле објавени 15.738 огласи. Зголемување на бројот на огласи се забележува и кај постапките со барање за прибирање на понуди каде оваа година се објавени 13.804 огласи во однос на 2014 година каде се објавени 12.159 огласи. Трендот на зголемување на огласите се забележува и кај отворена постапка каде се објавени 4.609 огласи во споредба на 2014 година каде се објавени 3.510 огласи, додека кај останатите постапки се забележува намалување на бројот на објавени огласи кај ограничена постапка, постапка со преговарање со

*Во однос на видот на постапката, најголемо зголемување во бројот на објавени огласи е евидентирано кај отворената постапка*

објавување на оглас и конкурс за избор на идејно решение. Во 2015 година објавени се вкупно 17 огласи за квалификациски систем. Може да се забележи зголемен број на користење на овој тип на огласи за секторските договорни органи за разлика од 2014 година кога се објавени 9 огласи за воспоставување на квалификациски систем. Од вкупниот број на објавени огласи во 2015 година, објавени се 10 огласи за воспоставување на јавно приватни партнерства кои се доделуваат како договор за јавна набавка.

За 2015 година може да се констатира дека се објавени околу 2.700 постапки повеќе во однос на 2014 година (како што спомнавме, зголемување за околу 17%).

Во графикон број 7.3 е даден односот на објавени огласи на најкористените постапки – отворена и барање за прибирање на понуди – за последните три години.

Графикон 7.3




Во категоријата *Други огласи* од страна на договорните органи на системот се објавени вкупно 603 огласи во 2015 година. Станува

збор за огласи за доделување на договори за јавна набавка на таканаречени „неприоритетни“ услуги согласно член 17 став 1 алинеја 2 од законот како што се услугите за привремено вработување[5], хотелски, угостителски, рекреативни, културни, образовни, правни и други услуги.

На Електронскиот систем за јавни набавки во посебен модул за концесии за јавни работи и јавни услуги се објавуваат и огласите за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга согласно член 19 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Во 2015 година објавени се вкупно 3 вакви огласи.

*Од анализата на бројот на огласите според видот на предметот на договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи за доделување на договор се објавени за набавка на стоки, и тоа 9.063 огласи*

Од анализата на бројот на огласите според видот на предметот на договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи за доделување на договор се објавени за набавка на стоки, и тоа 9.063 огласи, за услуги се објавени - 7.369, и за работи – 2.037 огласи. Објавените огласи за доделување на договор според видот на договорот за јавна набавка се дадени во табела бр. 7.3 и графикон бр. 7.4. Од овие податоци може да се види дека во однос на минатата година огласите за набавка на стоки, услуги и работи пропорционално се зголемуваат соодветно на зголемувањето на вкупниот број на објавени огласи.

Компаративни податоци за последните 3 години се дадени во графикон бр. 7.5.

[5] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 130/2014, услугите за привремено вработување од член 17 став 1 алинеја 2 преминаа во алинеја 1

Табела 7.3

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на огласи |
|---|---|
| **Стоки** | 9.063 |
| **Услуги** | 7.369 |
| **Работи** | 2.037 |
| **Вкупно** | **18.469** |

Графикон 7.4




Графикон 7.5



Во наредните неколку табели дадени се подетални податоци за објавените огласи за доделување на договор, според видот на договорот и начинот на реализација на истиот.

Табела 7.4

| Вид на договорот за јавна набавка – Стоки | Број на огласи |
|---|---|
| Купување | 4.542 |
| Купување со одложено плаќање | 4.492 |
| Изнајмување со опција за купување на стоките | 2 |
| Изнајмување без опција за купување на стоките | 19 |
| Комбинација на претходните | 8 |
| **Вкупно** | **9.063** |

Табела 7.5

| Вид на договорот за јавна набавка – Услуги | Број на огласи |
|---|---|
| Архитектонски и инженерски услуги | 1.175 |
| Дополнителни транспортни услуги | 44 |
| Други услуги | 396 |
| Здравствени и социјални услуги | 156 |
| Издавачки и печатарски услуги | 356 |
| Информатички и поврзани услуги | 438 |
| Истражни и безбедносни услуги | 121 |
| Образовни услуги и услуги за стручно усовршување | 53 |
| Правни услуги | 51 |
| Рекламни услуги | 53 |
| Рекреативни, културни и спортски услуги | 36 |
| Сметководствени, ревизорски и книговодителски услуги | 161 |
| Советодавни услуги за менаџментот | 49 |
| Телекомуникациски услуги | 476 |
| Услуги за воздушен транспорт на луѓе и товар | 102 |
| Услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење | 18 |
| Услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки | 38 |
| Услуги за копнен транспорт | 424 |
| Услуги за одржување и поправка | 2.170 |
| Услуги за отстранување на отпадни води и на смет | 174 |
| Услуги за привремено вработување | 150 |

| | |
|---|---|
| **Услуги за развој и истражување** | 61 |
| **Услуги за чистење на објекти и услуги за управување со имот** | 92 |
| **Услуги на железнички транспорт** | 1 |
| **Финансиски услуги** | 484 |
| **Хотелски и угостителски услуги** | 90 |
| **Вкупно** | **7.369** |

Табела 7.6

| Вид на договорот за јавна набавка – Работи | Број на огласи |
|---|---|
| **Изведување** | 1.863 |
| **Проектирање и изведување** | 37 |
| **Реализирање, со какви било средства** | 137 |
| **Вкупно** | **2.037** |

*Во 2015 година најмногу огласи – 10.016 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од законот*

Вкупниот број на објавени огласи за доделување на договор според категорија на договорни органи, согласно член 4 од Законот за јавните набавки и Одлуката за утврдување на индикативниот список („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/07 и 74/09) е прикажана во табела бр. 7.7 и графикон бр. 7.6.

Табела 7.7

| Категорија на договорен орган | Број на огласи |
|---|---|
| **Државни органи** | 2.458 |
| **Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје** | 3.614 |
| **Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот** | 10.016 |
| **Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи** | 35 |
| **Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности** | 2.260 |
| **Други договорни органи** | 86 |
| **Вкупно** | **18.469** |

Графикон 7.6




Од анализата на податоците за објавени огласи за доделување на договор според категорија на договорен орган, може да се види дека најмногу огласи – 10.016 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од законот и договорни органи од категоријата на органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје – 3.614 огласи.

При разгледување на податоците од огласите, односно кој вид на критериум за доделување на договор за јавни набавки договорните органи го користеле во спроведените постапки, може да утврдиме дека критериумот најниска цена се користи задолжително скоро во сите огласи во однос на критериумот економски најповолна понуда. Во табелата бр. 7.8 се дадени податоци за бројот на објавени огласи според критериумот за доделување на договорот за јавна набавка кој е користен во постапката. Согласно законските измени од 01.05.2014 година (Сл.весник на РМ бр.148/2013) критериумот најниска цена задолжително се користи како критериум за доделување на договорите за јавни набавки по исклучок, критериум

за доделување на договор за јавна набавка може да биде економски најповолна понуда.

*Во **99,9%** од вкупно објавените огласи, критериум за доделување на договорот за јавна набавки е најниска цена, односно само 17 огласи биле објавени со користење на критериумот ЕНП*

Поради оваа законска измена може да се констатира значително намалување во бројот на објавени огласи каде се користи критериумот економски најповолна понуда. Во 2014 година се објавени 584 огласи со критериум економски најповолна понуда (од кои најголем дел во првата половина на 2014 година), додека во 2015 објавени се само 17 огласи користејќи го овој критериум. Потребно е да се напомене дека во овие податоци не се опфатени некои од огласите за ограничена постапка и постапка со преговарање со претходно објавување на оглас затоа што во зависност од сложеноста на предметот на набавка договорниот орган што го објавува огласот, критериумот не го објавува во огласот, туку го наведува во тендерската документација за наредната фаза од постапката.

Табела 7.8

| Критериум за доделување на договор | Број на огласи |
|---|---|
| **Најниска цена** | 18.404 |
| **Економски најповолна понуда** | 17 |

Во графиконот бр. 7.7 е прикажана динамиката на објавување на огласите по месеци. Од овој графикон може да се види најголем број на огласи се објавени во ноември, како и во декември и јуни 2015 година. Во графиконот бр. 7.8 е даден приказ на објавени огласи споредени со нивото на проценета вредност, и тоа на првиот приказ – огласи со проценета вредност до 1.200.000 денари и на вториот над 1.200.000 денари.

Графикон 7.7




Графикон 7.8



## 7.2. Склучени договори за јавни набавки

Анализата на податоците за склучени договори за јавни набавки опфаќа приказ на податоците за склучените договори во 2015 година по различни параметри. Податоците се однесуваат главно на вкупниот број на склучени договори и вредност на јавните набавки, но кај некои параметри поради поставеноста на самиот ЕСЈН (во зависност од тоа дали податоците се добиваат од известувањата за склучен договор или од евиденцијата на постапки

*Вредноста на склучените договори во 2015 година изнесува 46.5 милијарди денари*

со барање за прибирање на понуди) податоците се групирани и се однесуваат само на постапките - отворена, ограничена, постапка со преговарање со и без објавување на оглас, конкурентен дијалог и доделување на договор за набавка на услуги од членот 17 алинеја 2 над 20.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ. Ваквите табели и графикони посебно се обележани подолу во текстот. Сите податоци во врска со склучените договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН https://e-nabavki.gov.mk и се целосно достапни на јавноста. Договорните органи се одговорни за веродостојноста и точноста на внесените податоци бидејќи со своите кориснички имиња и лозинки преку ЕСЈН ги објавуваат своите огласи, известувања за склучени договори/поништување на постапките, евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди.

*Во однос на минатата година, вредноста на склучените договори е намалена за 23 %*

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2015 година според видот на постапката за доделување на договорот се претставени во табела бр. 7.9 и графиконот бр. 7.9. Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2015 година е намалена за околу 23% во споредба со 2014 година и изнесува 46.451.630.320 денари. Најкористена постапка според вредноста на склучените договори е отворената постапка преку која се склучени 9.090 договори во вредност од 35.413.986.269 ден., односно 76% од вкупната вредност на јавните набавки во Република Македонија. По отворената постапка, следи постапката со барање за прибирање на понуди со вредносен праг над 5.000 евра - склучени 7.364 договори во вредност од 3.514.079.844 ден. – 8% од вкупната вредност.

Табела 7.9

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Постапка со барање за прибирање на понуди** | 8.327 | 1.199.807.985 ден. |
| **Постапка со барање за прибирање** | 7.364 | 3.514.079.844 ден. |

*9.090 договори во вредност од 35.413.986.269 ден., односно 76% од вкупната вредност на јавните набавки во Република Македонија, биле доделени преку отворената постапка, со што претставува најкористена постапка за јавни набавки*

| | | |
|---|---|---|
| **на понуди** | | |
| **Отворена постапка** | 9.090 | 35.413.986.269 ден. |
| **Ограничена постапка** | 2 | 2.449.110.650 ден. |
| **Квалификациски систем** | 19 | 621.483.690 ден. |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 5 | 640.732.409 ден. |
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | 969 | 1.802.347.717 ден. |
| **Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27 (вкупно)** | 1.616 | 810.081.756 ден. |
| **Вкупно** | 27.392 | 46.451.630.320 ден. |

Графикон 7.9




Во поглед на користење на различните видови постапки во споредба со минатите години забележливи се одредени трендови и минимални разлики во однос на 2014 година. Имено, најголем процент од вредноста на склучените договори отпаѓа на отворената

постапка (во 2013-68%, во 2014-79%, во 2015-76%). Се забележува зголемување на уделот на ограничената постапка во вкупната вредност на склучените договори на 5% во 2015 во однос на минатите години (во 2013-2% и во 2014-1%), додека уделот на постапката со преговарање со објавување на оглас пропорционално се намалува од 7% во 2013 година на 2% во 2014 година, 1% во 2015. Исто така, важна разлика во споредба со минатите години е значителното намалување на уделот на постапката со преговарање без објавување на оглас (во 2013-12%, во 2014-6%, во 2015-4%). За овој тип на постапка во 2014 година имало 826 договори со вредност од 3.466.477.316 ден, додека во 2015 година бројот на договорите е зголемен и склучени се 969 договори, но со двојно помала вредност од 1.802.347.717 денари. Подетални податоци за постапките со преговарање ќе бидат презентирани во натамошниот текст на овој извештај. Обемот на останатите постапки е приближно ист во поглед на вредноста на склучените договори. Споредбени податоци се дадени во графикон бр. 7.10 и 7.11.

Графикон 7.10




Графикон 7.11




### 7.2.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка

*Според видот на договорот за јавна набавка, најголем дел (41%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки*

Според предметот на договорот за јавна набавка во 2015 година склучени се 15.818 договори за набавка на стоки во вкупна

вредност од 19.227.250.050 денари, 9.788 договори за набавка на услуги во вкупна вредност од 12.029.262.565 денари и 1.786 договори за набавка на работи во вкупна вредност од 15.195.117.705 денари. Во графикон бр. 7.12 и табелата бр. 7.10 дадени се подетални податоци за бројот и вредноста на договорите според видот на предметот на договорот.

Графикон 7.12

Табела 7.10

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Стоки** | 15.818 | 19.227.250.050 ден. |
| **Услуги** | 9.788 | 12.029.262.565 ден. |
| **Работи** | 1.786 | 15.195.117.705 ден. |
| **Вкупно** | **27.392** | **46.451.630.320 ден.** |

Најголем дел (41%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки. Најчесто користени начини на реализација на договорот за набавка на стоки се купување и купување со одложено плаќање. Од споредбата на податоците за вредноста на склучените договори според видот на договорот се забележува дека во 2015 година има намалување на уделот на

набавките на стоки за 5 процентни поени, додека уделот на набавките на услуги е зголемен за 2 процентни поени во однос на претходната година. Вредносниот удел на договорите за услуги, во вкупната вредност на јавните набавки во 2015 година изнесува 26% (во 2013 бил 23%, додека во 2014 - 24%). Во нивната структура може да се забележи различна застапеност на категориите на услуги согласно Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавна набавка на услуги („Службен Весник на Република Македонија“бр.157/07). Најголем дел од вредноста на договорите за јавна набавка на услуги отпаѓа на договорите за набавка на услуги за одржување и поправка (категорија бр.1) и услуги за копнен транспорт (категорија бр.2). Уделот на договори за работи во вкупната вредност на договорите изнесува 33% (најчесто изведување). Овој податок говори дека во однос на 2014 година уделот на набавките на работи е зголемен за 3 процентни поени.

### 7.2.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган

Во понатамошниот текст се презентирани бројот и вредноста на склучените договори по категорија на договорен орган и негова главна активност или дејност (табела бр. 7.11 и графикон бр. 7.13). Информациите дадени во продолжение се добиени од Известувањата за склучен договор и се однесуваат исклучиво за договорите склучени по отворена, ограничена, постапка со преговарање со и без објавување на оглас и конкурентен дијалог. Ова се должи на поставеноста на ЕСЈН и начинот на прибирање на податоците, според параметарот категорија на договорен орган. Имено, во овие податоци не се вклучени податоците за постапките со барање за прибирање на понуди од причина што за овие постапки

не се пополнува известување за склучен договор, туку збирна евиденција на полугодишно ниво.

Графикон 7.13




Табела 7.11

| Категорија на договорен орган | Главна активност | Број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Државни органи | Општи јавни услуги | 476 | 6.813.869.862 ден. |
| | Одбрана | 214 | 707.764.282 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 97 | 973.340.590 ден. |
| | Животна средина | 4 | 17.013.342 ден. |
| | Економија и финансии | 64 | 216.136.650 ден. |
| | Здравство | 126 | 3.580.415.375 ден. |
| | Социјална заштита | 52 | 79.963.846 ден. |
| | Спорт и култура | 46 | 518.129.679 ден. |
| | Образование | 79 | 2.201.366.646 ден. |
| | Друго | 14 | 20.250.290 ден. |
| | **Вкупно А.** | **1.172** | **15.128.250.562 ден.** |
| Б. Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Општи јавни услуги | 1.323 | 7.347.687.848 ден. |
| | Спорт и култура | 12 | 8.340.505 ден. |
| | **Вкупно Б.** | **1.335** | **7.356.028.353 ден.** |
| | Општи јавни услуги | 1.106 | 3.720.659.837 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 61 | 93.031.786 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **В. Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот** | Животна средина | 56 | 141.826.510 ден. |
| | Економија и финансии | 4 | 10.093.580 ден. |
| | Здравство | 3.528 | 4.643.442.436 ден. |
| | Социјална заштита | 502 | 518.934.228 ден. |
| | Спорт и култура | 132 | 343.309.179 ден. |
| | Образование | 1.041 | 953.393.236 ден. |
| | Друго | 191 | 798.702.527 ден. |
| | **Вкупно В.** | **6.621** | **11.223.393.319 ден.** |
| **Г. Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи** | Друго | 4 | 4.565.508 ден. |
| | **Вкупно Г.** | **4** | **4.565.508 ден.** |
| **Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности** | Општи јавни услуги | 483 | 1.947.541.744 ден. |
| | Животна средина | 8 | 12.675.029 ден. |
| | Домување, градежништво и транспорт | 48 | 897.852.446ден. |
| | Друго | 737 | 4.146.336.626 ден. |
| | **Вкупно Д.** | **1.276** | **7.004.405.845 ден.** |
| **Ѓ. Други договорни органи** | Здравство | 1 | 460.000 ден. |
| | Социјална заштита | 3 | 7.000.240 ден. |
| | Друго | 21 | 885.645.091 ден. |
| | **Вкупно Ѓ.** | **25** | **893.105.331 ден.** |
| **Вкупно**[6] | **Вкупно А+Б+В+Г+Д+Ѓ.** | **10.433** | **41.609.748.918 ден.** |

*Најголем процент од вредноста на склучените договори оваа година отпаѓа на категоријата – Државни органи на кои отпаѓа 36 % од вредноста на јавните набавки*

Во табелата е даден детален приказ на реализираните јавни набавки според категоријата и главната дејност на договорните органи. Најголем процент од вредноста на склучените договори оваа година отпаѓа на категоријата - државните органи на кои отпаѓа **36%**

[6] Податоците се однесуваат само за договори склучени по отворена постапка, ограничена, постапка со преговарање со и без објавување на оглас и конкурентен дијалог и за договори за јавна набавка на услуги од член 17 став (1) алинеја 2 кога проценетата вредност е над 20.000 евра во денарска противвредност.

од вредноста на јавните набавки. Понатаму, следни според реализираните јавни набавки се Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот на кои отпаѓа по 27% од вредноста на јавните набавки. Останатите договорни органи заедно имаат удел од околу 37% во вкупната вредност на договорите за јавни набавки. Во споредба со 2014 година, се забележува значително зголемување на уделот на склучени договори на Државни органи (24% во 2013 година, 20% во 2014 година, 36% во 2015 година) и зголемување од 5% кај учеството на Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот. Намалување на уделот на склучени договори се забележува кај Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности (24% во 2013 година, 40% во 2014 година, 17% во 2015 година).

### 7.2.3. Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри

При анализа на динамиката на доделување на договори по месеци за 2015 година (графикон бр. 7.14), може да се забележи тренд на склучување на најголем број од договорите во месец септември.

Графикон 7.14




Исто така, може да се напомене фактот дека во 2015 година склучени се 481 рамковни спогодби (во 2014 беа склучени вкупно 670 рамковни спогодби) и 409 договори за групна набавка (во 2014 беа склучени 250 договори за групна набавка).

Како што беше споменато на почетокот на ова поглавје постапката со преговарање со објавување на оглас има удел од 1% во 2015 година (во 2013г.-7%, во 2014г.-2%), а постапката со преговарање без објавување на оглас удел од 4% во 2015 година (во 2013г.-12%, во 2014г.-6%) во вкупниот износ на средства. Во табела бр. 7.12 и графикон бр. 7.15 се претставени бројот и вредноста на склучените договори по овие постапки според причината за користење/законскиот основ за користењето на овие постапки.

Во споредба со минатите години се забележува значително намалување на постапките со преговарање со/без претходна објава на оглас. Ова намалување најмногу се должи на измените на Законот, кои се однесуваат на воведувањето на концептот на конечна цена при што е избришан основот за користење на постапка со преговарање без објавување на оглас кога во отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со објавување на оглас и постапка со барање за прибирање понуди договорниот орган не може да закаже електронска аукција од причина што не постои

доволно конкуренција. Намалувањето на постапките со преговарање се должи и на воведувањето на претходни согласности од Советот.

*Позитивна придобивка која е вредно да се напомене е двојното намалување на вкупната вредност на склучените договори во споредба со минатата година, за постапките со преговарање без објава на оглас.*

Од податоците за постапките со преговарање може да се констатира дека најкористена причина/законска оправданост за употребата на постапката со преговарање без објавување на оглас е членот 99 став (1) точка 1) алинеја 2 од законот, кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор по која отпаѓа 37% од вредност на склучени договори за постапки за преговарање. Понатаму следни според вкупната вредност на доделени договори во постапка со преговарање без објавување на оглас (34%) отпаѓаат на причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст и 21% на дополнителни работи кој не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор. Во вкупната вредност на доделени договори во постапка со преговарање без објавување на оглас 4% отпаѓаат на причината кога предметниот договор следува по спроведување на конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници. Уделот на останатите причини/законска оправданост за користење на постапката со преговарање без објава на оглас се незначителни и опфаќаат помалку од 1% од вкупната вредност на доделени договори.

Во споредба со минатата година, она што е интересно е дека иако бројот на склучени договори со постапки со преговарање без објава на оглас е зголемена (во 2015г. - 969, во 2014г. - 826), сепак вкупната вредност на склучените договори е скоро двојно (48%) помала (во 2015г. - 1.802.347.717 ден, во 2014г. - 3.466.477.316 ден).

Табела 7.12

| Вид на постапка | Оправданост за изборот на постапката | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| **А. Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | во исклучителни случаи кога природата на работите, стоките или услугите или ризиците кои произлегуваат од тоа не дозволуваат претходно одредување на вредноста на договорот | 3 | 257.596.182 ден. |
| | за услуги, ако природата на услугата е таква што техничките спецификации не можат да се утврдат доволно прецизно да овозможат склучување на договор со избирање на најповолна понуда согласно со правилата на отворената или ограничената постапка | 2 | 383.136.227 ден. |
| | **Вкупно А.** | **5** | **640.732.409 ден.** |
| **Б. Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | кога во отворена постапка,ограничена постапка,постапка со преговарање со објавување на оглас и постапка со барање за прибирање понуди договорниот орган не може да закаже електронска аукција од причина што не постои доволно конкуренција[7] | 1 | 4.264.550 ден. |
| | кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации, | 11 | 25.134.595ден. |

[7] Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 148 од 29.10.2013 година, алинејата 4 од член 99 став (1) точка 1 се брише. Односно доделувањето на договорите со користење на оваа одредба веќе не е дозволено/не се користи.

| | | |
|---|---|---|
| кога не е поднесена ниту една понуда во отворена постапка или не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза на ограничена постапка под услов да не се сменети првичните услови на договорот | 27 | 11.527.157 ден. |
| кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст | 577 | 608.422.723 ден. |
| кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор | 296 | 666.460.474 ден. |
| кога предметниот договор следува по спроведување на конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници | 11 | 66.030.949 ден. |
| кога се набавкува по посебно поволни услови, од понудувач кој ги затвора своите деловни активности (ликвидација или стечај) од стечаен управник или ликвидатор, по претходен договор со доверителите | 1 | 981.451 ден. |
| набавка на непредвидени работи | 7 | 15.361.223 ден. |
| таквите дополнителни работи или услуги не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган | 30 | 382.366.748 ден. |
| таквите работи или услуги, иако можат да се одделат од извршувањето на основниот договор, се неопходни за неговото завршување | 8 | 21.797.847 ден. |
| **Вкупно Б.** | **969** | **1.802.347.717 ден.** |

Графикон 7.15

Податок што може да послужи за прикажување на ефикасноста на постапките за доделување на договор за јавна набавка е и просечното времетраење на постапките од јавното отворање на понудите до склучувањето на договорот. Од прибраните податоци, може да се утврди дека просечното времетраење на фазата на евалуација во 2015 година кај постапката со барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност е 21 ден (во 2013 бил 12 дена, додека во 2014 – 21 ден), барање за прибирање на понуди до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра во денарска противвредност за работи е 24 дена (во 2013 – 26 дена, во 2014 – 24 дена), кај отворената постапка 46 дена (28 дена во 2013, додека во 2014 - 45 дена), ограничената 330 дена (во 2013 бил 156 дена, во 2014 – 139 дена), и кај постапката со преговарање со претходно објавен оглас во 2013 година бил 66 дена, во 2014 – 77 дена, додека во 2015 бил 70 дена.

Графикон 7.16




Споредба на времетраењето на постапките за изминативе 3 години е дадена во табела бр. 7.13.

Табела 7.13

| Просечно времетраење на постапките за доделување на договор | | | |
|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 |
| Барање за прибирање на понуди (до 5000 евра) | 12 дена | 21 дена | 21 дена |
| Барање за прибирање на понуди (над 5000 евра) | 26 ден | 24 дена | 24 дена |
| Отворена постапка | 28 дена | 45 дена | 46 дена |
| Ограничена постапка | 156 дена | 139 дена | 330 дена |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 66 дена | 77 дена | 70 дена |

Во натамошниот текст се презентирани податоци за вредноста на склучените договори поединечно по договорен орган (листа на 10 најголеми јавни потрошувачи за 2015 година), и по договор (листа на 10 најголеми договори за јавни набавки во 2015 година). Табели бр. 7.14 и 7.15.

Табела 7.14

| Листа 10 најголеми јавни потрошувачи во 2015 година | |
|---|---|
| ***Назив на договорен орган*** | ***Вкупна вредност на договорите (денари)*** |
| **Министерство за здравство** | 3.591.817.712 |
| **АД Електрани на Македонија - Скопје** | 3.132.161.924 |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | 2.583.881.768 |
| **Министерство за образование и наука** | 2.116.255.149 |
| **Град Скопје** | 1.594.522.084 |
| **Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија** | 1.107.701.478 |
| **Министерство за внатрешни работи на РМ** | 981.765.427 |
| **Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје** | 843.918.239 |
| **ЈП Водовод и канализација - Скопје** | 786.647.919 |
| **ЈП Македонија пат- Скопје** | 784.653.854 |

Во наредните неколку табели се презентирани податоци за 10-те најголеми склучените договори по вид на договор за 2015 година, односно најголемите договори склучени за стоки, услуги и работи. Табели бр. 7.15, 7.16 и 7.17.

Табела 7.15

| Листа на 10 најголеми договори за јавни набавки за стоки во 2015 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| **Набавка на лекови за потребите на Јавните Здравствени Установи во Република Македонија** | Министерство за здравство | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 431.811.053 |
| **Набавка на биохемиски тестови за потребите на Јавните Здравствени** | Министерство за здравство | Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 430.028.518 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Установи во Република Македонија** | | | |
| **Набавка на лекови за потребите на Јавните Здравствени Установи во Република Македонија** | Министерство за здравство | Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 395.510.594 |
| **Набавка на лекови за потребите на Јавните Здравствени Установи во Република Македонија** | Министерство за здравство | Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје | 252.755.401 |
| **Делива набавка на Еуродизел БС (Д-Е V)** | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје | 229.200.000 |
| **Набавка на 1 (еден) нафтен дериват – Еуродизел БС (Д-Е-V) за задолжителните резерви на Република Македонија** | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје | 229.200.000 |
| **Битумен 50/70** | ЈП Македонија пат- Скопје | Друштво за промет на големо и мало,застапување,посредување и реекспорт КИ-ЕМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 188.752.800 |
| **Набавка на лекови за потребите на Јавните Здравствени Установи во Република Македонија** | Министерство за здравство | Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 182.261.707 |
| **Набавка на Вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Македонија за 2015 и 2016година** | Министерство за здравство | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз Скопје | 179.509.734 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Делива набавка на Еуродизел БС (Д-Е V)** | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје | 152.800.000 |

Табела 7.16

| Листа на 10 најголеми договори за јавни набавки за услуги во 2015 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| **Одржување на хигиена, услуги за тековно одржување, дактилографски услуги, услуги за обезбедување ПП заштита и услуги за оперирање со ТТ централи за органите на Државната управа** | Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | Друштво за обезбедување и услуги СЕКЈУРИКОМ МУЛТИСЕРВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје | 660.834.855 |
| **Телекомуникациски услуги за потребите на Министерството за внатрешни работи** | Министерство за внатрешни работи на РМ | Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје | 354.000.000 |
| **Услуга од помошна механизација на повик за потребите на РЕК Битола** | АД Електрани на Македонија – Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги РУБИТОН увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 346.920.000 |
| **Модернизација, проширување и одржување на системот за јавното осветлување на Општина Охрид** | Општина Охрид | ICS - systémy s.r.o. | 215.650.980 |
| **Услуга од помошна механизација на повик за потребите на РЕК Битола** | АД Електрани на Македонија - Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 212.400.000 |
| **Услуга од помошна механизација на повик за потребите на РЕК Битола** | АД Електрани на Македонија - Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ | 188.800.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | |
| **Осигурување на имот** | ЕВН Македонија АД- Скопје | Друштво за осигурување УНИКА А.Д. – Скопје | 161.040.240 |
| **Услуга од помошна механизација на повик за потребите на РЕК Битола** | АД Електрани на Македонија – Скопје | Друштво за производство,трговија,услуги и транспорт МИС-КОМЕРЦ Митко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 136.880.000 |
| **Услуга од Помошна механизација на повик – Телескопски чистачи на транспортни ленти и Автодигалки за потребите на РЕК Битола** | АД Електрани на Македонија – Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги РУБИТОН увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 106.200.000 |
| **Организирање на превоз на учениците во учебните 2015/2016 и 2016/2017 година** | Општина Струмица | Друштво со ограничена одговорност за превоз на патници и трговија СТРУМИЦА-ЕКСПРЕС увоз-извоз ДОО Струмица | 86.327.374 |

Табела 7.17

| Листа на 10 најголеми договори за јавни набавки за работи во 2015 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| **Изградба на брана "Конско"- Гевгелија** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | SERKA TAAHHUT INSAAT AS | 2.442.281.400 |
| **Изградба на Факултет за физичко образование спорт и здравје при Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје и Изградба на објект за Факултет за** | Министерство за образование и наука | Градежно трговско друштво БЕТОН-ШТИП акционерско друштво Штип | 1.127.581.265 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **информатички науки и компјутерско инженерство, подземни гаражи и партерно уредување при Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје** | | | |
| **Градежни работи за изградба на објект Државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје-Мал Ринг во Скопје** | Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје | Друштво за производство,трговија градежништво и услуги ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 612.902.378 |
| **Изградба на објект со скулптурална композиција** | Министерство за култура | Друштво за градежништво БЕТОН Акционерско друштво Скопје | 342.223.926 |
| **Изградба на затворен пливачки базен во општина Охрид** | Агенција за млади и спорт | Друштво за градежништво,трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО Скопје | 297.714.000 |
| **Изведување на градежни и градежно - занаетчиски работи во објектот на Собранието на Република** | Собрание на Република Македонија | Друштво за градежништво БЕТОН Акционерско друштво Скопје | 262.911.673 |
| **Изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар"** | Општина Гази Баба | Акционерско друштво РАКОМЕТЕН КЛУБ ВАРДАР Скопје | 251.077.670 |
| **Изградба на административно деловно трговска зграда која вклучува изградба на затворен зелен пазар (трета објава)** | Општина Охрид | Трговско друштво за градежништво производство трговија и угостителство ИЛИНДЕН АД Струга | 239.610.029 |
| **Реконструкција и адаптација на Специјална болница Св.Еразмо Охрид** | Министерство за здравство | Друштво за градежништво, производство, трговија, угостителство и услуги | 219.100.195 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ВИА ИНЖИНЕРИНГ ДОО увоз-извоз Цветомир Вевчани | |
| **Дополнителни работи за изградба на објект Градска куќа** | Град Скопје | Друштво за градежништво БЕТОН Акционерско друштво Скопје | 194.700.000 |

## 7.2.4. Учество на економските оператори на постапките за доделување на договори за јавни набавки

Во продолжение се презентирани податоци за учеството на економските оператори во постапките за доделување на договор за јавна набавка поединечно по договор односно прикажан е бројот на поединечни економски оператори кои биле избрани за носители на набавки по број на склучени договори како и според вредноста на склучените договори за 2015 година.

Табела 7.18

| Листа на 20 економски оператори со најголем број на добиени договори за јавни набавки | |
|---|---|
| **Носител на набавка** | **Број на склучени договори** |
| Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 401 |
| МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје | 306 |
| Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 272 |
| Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 270 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 263 |
| Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје | 253 |

| | |
|---|---|
| Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДООЕЛ Скопје | 222 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 206 |
| Трговско друштво за трговија на големо и мало, услуги, маркетинг и увоз-извоз МАНЧЕ ДЕНТ Велика ДООЕЛ Битола | 206 |
| Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје | 189 |
| ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај | 188 |
| Друштво за трговија,производство и услуги БИ-ЕЛ ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица | 169 |
| Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 168 |
| Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 165 |
| Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје | 148 |
| ОНЕ Телекомуникациски услуги ДОО Скопје | 145 |
| Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз Скопје | 141 |
| Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје | 130 |
| Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 120 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ХОССАМ ДОО увоз-извоз Скопје | 120 |

Табела 7.19

| Листа на 20 економски оператори со најмногу склучени договори според вредноста на склучените договори | |
|---|---|
| **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| SERKA TAAHHUT INSAAT AS | 2.442.281.400 |

| | |
|---|---|
| Градежно трговско друштво БЕТОН-ШТИП акционерско друштво Штип | 1.217.581.265 |
| Друштво за градежништво,трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО Скопје | 1.024.667.066 |
| Друштво за градежништво БЕТОН Акционерско друштво Скопје | 917.969.058 |
| Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 889.692.649 |
| МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје | 835.340.545 |
| Друштво за обезбедување и услуги СЕКЈУРИКОМ МУЛТИСЕРВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје | 725.685.204 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 707.784.527 |
| Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 706.322.290 |
| Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 664.712.127 |
| Друштво за производство,трговија градежништво и услуги ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 661.611.689 |
| Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје | 659.193.531 |
| Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 590.173.820 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 573.717.163 |
| Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје | 545.666.517 |
| ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје | 480.762.070 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 477.886.612 |
| Друштво за производство, трговија и услуги РУБИТОН увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 475.540.000 |
| Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје | 394.606.623 |

| | |
|---|---|
| Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица | 386.928.813 |

Во понатамошниот текст се презентирани податоци за број и вредност на склучени договори по категорија на понудувач и по земја на потекло на носителот на набавката. Имено, потребно е да се напомене дека во 2012 година беше воведена годишна претплата за користење на услугите кој ги нуди Електронскиот систем за јавни набавки. Големината на надоместокот кој го плаќаат економските оператори зависи од големината на компанијата според регистрацијата во Централен Регистар на РМ, согласно со Тарифникот за висината на надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 44 од 30.03.2012 година. Во однос на горе наведеното на Електронскиот систем за јавни набавки регистрирани и активни се 5.272 економски оператори кои според категоријата на понудувач се претставени во Табела 7.20

*Малите и средни компании заземаат најголемо учество (60%) од вредноста на склучените договори по категорија на понудувач.*

Табела 7.20

| Регистрирани економски оператори според категорија на понудувач | |
|---|---|
| ***Категорија на понудувач*** | ***Активни економски оператори*** |
| **Микро** | 1.688 |
| **Мали и средни** | 3.133 |
| **Голем** | 162 |
| **Странски** | 253 |
| **Физичко лице** | 36 |

*Големите претпријатија иако се само 162 регистрирани на ЕСЈН, имаат вредносен удел од 29% во вкупната вредност на склучени договори*

Табела 7.21

| Број и вредност на склучени договори по категорија на понудувач | | |
|---|---|---|
| | Број на склучени договори | Вредност на склучени договори |
| Микро | 3.023 | 1.62 милијарди ден. |
| Мал и среден | 19.875 | 27.76 милијарди ден. |
| Голем | 4.339 | 13.58 милијарди ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Странски | 84 | 3.56 милијарди ден |
| Физичко лице | 17 | 5.38 милиони ден. |

Графикон 7.17




*Од податоците може да се утврди дека на пазарот на јавните набавки во Република Македонија главен удел имаат домашните компании со 92% од вредноста на доделените договори за јавни набавки*

Од анализа на податоците за бројот и вредноста на склучени договори по категорија на понудувач (Табела бр. 7.21), се согледува дека во 2015 година најголем број на склучени договори (19.875 договори) припаѓаат на категоријата мали и средни компании и тоа 60% од вкупната вредност на склучени договори. Имено, вредносниот удел на категоријата голем трговец изнесува 29% (4.339 склучени договори), додека најмала застапеност завземат микро компаниите на кои отпаѓаат 3% од вкупната вредност на јавните набавки (склучени 3.023 договори), имајќи во предвид дека истите земаат најголемо учество кај постапките со барање за прибирање на понуди.

Разгледувано по земјата на потекло на носителот на набавката, податоци се дадени во табела бр. 7.22 и графикон бр. 7.18.

Табела 7.22

| Земја на потекло на носителот на набавката | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Македонија** | 27.254 | 42.85 милијарди ден. |
| **ЕУ** | 39 | 695 милиони ден. |
| **Други** | 47 | 2.98 милијарди ден. |

Графикон 7.18

Од податоците во табела 7.22 и графикон 7.18 може да се утврди дека на пазарот на јавните набавки во Република Македонија главен удел имаат домашните компании со 92% од вредноста на доделените договори за јавни набавки. Странските компании како носители на набавките во договорите за јавни набавки во 2015 година учествуваат со удел од 8%. Вредноста и процентот на доделени договори на компании надвор од Македонија е намален во споредба со минатата година (13% во 2014).

## 7.3. Податоци од известувањата за поништување на постапките

Од анализата на податоците за бројот на поништувања во 2015 година се согледува дека преку ЕСЈН се поништени вкупно 2489 постапки. Овој податок се однесува само за поништување на цела постапка а не и на поништување на деловите. Во графиконот бр. 7.19 се дадени податоци за поништување на постапки според видот на постапката.

*Во 2015 година 13% од објавените постапки биле поништени, што претставува подобрување во однос на минатата година, одноно помал број на поништени постапки*

Графикон 7.19




Од претходно наведените податоци, можеме да констатираме дека во 2015 година, поништени се 13,46% од објавените постапки за доделување на договор, што претставува помал процент на поништувања од 2014 година (процентот на поништување беше 17%).

Графикон 7.20




Во табелата 7.23 се дадени причините поради кои се поништени постапките. Може да се констатира дека во 2015 година, најчесто се поништувани поради следниве причини:

- не е поднесена ниту една понуда
- не е поднесена ниту една прифатлива понуда
- не е поднесена ниту една соодветна понуда
- договорниот орган оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци и
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.

*Најчеста причина за поништување на постапките во 2015 година е тоа дека не е поднесена ниту една понуда*

Табела 7.23

| Информации за причината на поништувањето на постапката или поништување на делови од постапката | Број на пон. на постапки | Број на пон. на делови |
|---|---|---|
| **бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со овој закон** | 5 | 3 |
| **не е поднесена ниту една прифатлива понуда** | 372 | 166 |
| **не е поднесена ниту една соодветна понуда** | 266 | 91 |
| **не е поднесена ниту една понуда** | 673 | 536 |

| | | |
|---|---|---|
| **се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди** | 65 | 22 |
| **настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган** | 75 | 2 |
| **понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот** | 283 | 176 |
| **оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци** | 313 | 28 |
| **поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган** | 70 | 14 |
| **договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на Законот за јавните набавки согласно со член 210 од Законот** | 248 | 45 |
| **избраниот најповолен понудувач се откажува да го потпише договорот** | 17 | 5 |
| **постапката ја поништува Државната комисија за жалби** | 85 | 17 |
| **останати причини (други огласи, конкурс)** | 17 | / |
| **Вкупно** | **2489** | **1105** |

Табела 7.24

| Договорен орган | Поништени постапки | Објавени огласи | Процент на пон огласи |
|---|---|---|---|
| Министерство за внатрешни работи на РМ | 35 | 104 | 33,65% |
| М,Ж, ТранспортАД-Скопје | 16 | 52 | 30,77% |
| ЈП Македонија пат- Скопје | 25 | 88 | 28,41% |
| АД Македонска пошта | 24 | 86 | 27,91% |
| АД Електрани на Македонија - Скопје | 122 | 507 | 24,06% |
| Општина Охрид | 18 | 78 | 23,08% |
| Агенција за катастар на недвижности | 16 | 77 | 20,78% |
| ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје | 15 | 75 | 20,00% |
| Општина Струга | 12 | 61 | 19,67% |
| Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ | 33 | 169 | 19,53% |
| ЈЗУ„Психијатриска Болница„ - Демир Хисар | 12 | 62 | 19,35% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана - сектор за логистика | 37 | 194 | 19,07% |
| Општина Битола | 35 | 191 | 18,32% |
| Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | 36 | 198 | 18,18% |
| ЈП Водовод и канализација - Скопје | 22 | 121 | 18,18% |

### 7.3.1. Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот

Во 2015 година преку ЕСЈН се објавени вкупно 1.272 обрасци за измени и дополнување на содржината на огласот. Од овие податоци може да се забележи дека кај 7% од огласите по објавувањето имало измени или дополнување на тендерската документација што согласно законските измени повлекува измена на крајниот рок што е за 15% помал процент во споредба со 2014 година. Најчесто измени и дополнувања се правени кај постапките со барање за прибирање на понуди 668, кај отворена постапка 577 измени и дополнувања, ограничена постапка 1, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас 1, кај конкурс за избор на идејно решение 14 и кај квалификациски систем 11.

## 7.4. Електронски постапки

*Евидентни позитивни резултати и придобивки од користењето на е-Набавките*

Бирото за јавни набавки веќе неколку години наназад ги анализира и следи ефектите од спроведувањето на јавните набавки по електронски пат. Врз основа на анализите на податоците добиени преку ЕСЈН, како и од искуствата на корисниците кои се ориентирале кон спроведување на постапките по електронски пат, несомнени се позитивните ефекти од е-набавките особено од аспект на поефикасни, потранспарентни и побрзи набавки, притоа со значителни заштеди на ресурси.

Сепак, и покрај придобивките од е-набавките, и во 2015 година уделот на спроведените постапки по електронски пат останува незначителен и незадоволителен, односно спроведувањето на постапки за доделување на договор за јавна набавка целосно по електронски пат е на приближно исто ниво како и во претходните две години.

*Со измените на Законот за јавни набавки воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во следните три години.*

Бирото за јавни набавки и во 2015 година продолжи со континуирана едукација во насока на подобро запознавање со алатките на ЕСЈН преку практични вежби и охрабрување на корисниците да го користат ситемот.

Користењето на хартиената форма за спроведување на постапките остана во поголема мера застапено и во 2015 година, меѓу другото и поради незадолжителноста на е-постапките во 2015.

Имајќи ги предвид позитивните искуства и придобивки, Бирото за јавни набавки ги ефектуираше заложбите за унапредување на легислативата во насока на следење на европските трендови за задолжителни е-набавки, па така со измените на Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.78/15) воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во следните три години.

За очекуваните ефекти како и прогресијата со која ќе се имплементира оваа законска измена, ќе биде споменато во понатамошниот дел на извештајот.

Според анализираните податоци за е-набавките во 2015 година може да се констатира дека продолжува континуираното спроведување на постапките по електронски пат од страна на договорните органи кои ги увиделе придобивките од овој начин на доделување на договорите.

Вкупниот број на електронски постапки спроведени преку ЕСЈН во 2015 година изнесува 3.032. Бројот на спроведени постапки е поголем во однос на 2014 година и е најголемиот број на постапки со електронски средства до сега, но треба да се има во предвид и поголемиот број на објавени огласи во 2015 година. Во графикон бр. 7.21 дадена е споредба на спроведените постапки на годишно ниво.

Графикон 7.21




Како што веќе споменавме, спроведувањето на постапките по електронски пат сеуште не е на задоволително ниво. Од објавените огласи можеме да утврдиме дека **16,4%** од постапките за доделување на договор за јавна набавка во 2015 година се воделе целосно по електронски пат, што е најголем процент во изминативе години.

Податок кој е од посебно значење кој произлегува од споредбените анализи на постапките кои се спроведуваат по електронски пат и оние кои се спроведуваат со користење на традиционалната „хартиена форма", е просечното времетраење на постапките. Имено, според податоците со кои располага Бирото, за постапките кои се спроведуваат по електронски пат просечното времетраење е 4,5 пати пократко од времето потребно кај постапките кои се спроведуваат во хартија.

Просечниот број на поднесени понуди во 2015 година е на приближно исто ниво како и во 2014 година. Имено, во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е 3,5 понуди по постапка, додека кај постапките во хартија е 2,3 понуди во просек. Од овој податок може да се заклучи дека употреба на електронските средства во јавните набавки не само што не претставува лимитирачки фактор за економските оператори да учествуваат во постапките, туку и воопшто го охрабрува трендот за е-набавки. Една од позначајните забелешки кои договорните органи ја потенцираат како можна реперкусија од воведувањето на задолжителни е-набавки е токму стравот од намалена конкуренција.

Понудувачи - Економски оператори кои учествувале на позначителен број на електронски постапки се:

1. Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје, со 126 учества
2. Друштво за градежништво,промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др.ДОО Скопје, со 119 учества
3. Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт –Струмица, со 70 учества
4. Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ – Скопје, со 69 учества

5. ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај, со 64 учества
6. Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт –Скопје, со 63 учества
7. МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје, со 63 учества
8. Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје, со 61 учество
9. Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз – Скопје, со 60 учества
10. Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО с.Долно Оризари, Битола, со 59 учества

## 7.5. Електронски аукции

*Постигнат е прагот за задолжително спроведување на електронските аукции во 100% од објавените огласи*

Електронските аукции и во 2015 година задолжително се спроведуваа во 100% од објавените огласи. Задолжителното спроведување на аукциите од 2012 година успешно се реализира од страна на договорните органи, а Бирото за јавни набавки во целост ја спроведе својата законска надлежност за контрола на спроведувањето е-аукции и имплементираше одредени автоматизирани контролни процеси во Електронскиот систем кој оневозможуваат избегнување на примената на е-аукции, освен во случаи кои се дозволени со законот.

*Бирото за јавни набавки има клучна улога во спроведувањето на ваквата владина политика*

Како и минатата година, може да се заклучи дека е постигнат процентот задолжителни е-аукции, а Бирото има клучна улога во спроведувањето на ваквата владина политика.

Во понатамашниот дел од извештајот ќе бидат презентирани податоци од спроведениете е-аукции и поднесувања на конечни цени во 2015 година. Согласно Законот за јавни набавки, почнувајќи од 01.01.2014 година, за постапките каде има само една понуда или има

*Бројот на објавени огласи за постапки кои завршуваат со електронска аукција како последна фаза во електронски постапки или во постапки кои претходно биле спроведени во хартиена форма, во 2015 година изнесува **18.426***

една прифатлива понуда, договорниот орган задолжително го поканува единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН. Согласно овие измени, во системот е овозможен модул преку кој единствениот понудувач има можност да ја намали првично поднесената цена, па во натамошните анализи во овој, како и во минатогодишниот извештај ќе бидат претставени податоците и по основ на спроведени поднесувања на конечни цени.

Бројот на објавени огласи за постапки кои ќе завршат со електронска аукција како последна фаза во електронски постапки или во постапки кои претходно биле спроведени во хартиена форма, во 2015 година изнесува 18.399. Од оваа бројка може да се констатира дека во 2015 година 99,85% од објавените огласи се со спроведување на електронска аукција како последна фаза од постапката. Останатите огласи спаѓаат во рамки на исклучокот од примена на е-аукциите од членот 123 од Законот за јавните набавки и тие не се земаат предвид при пресметката на процентот на постапки кои задолжително треба да завршат со е-аукција. Но дури и да се земат предвид, може да се забележи дека нивниот број е незначителен и изнесува само 27 огласи за доделување на договор.

*Во 2015 година на ЕСЈН се спроведени 41.535 аукции или просечно по 158 аукции дневно, и 31.373 поднесувања на конечна цена (119 поднесувања дневно) работни денови)*

Графикон 7.22



Во графиконот се претставени вкупно објавените огласи за кои е предвидено дека ќе завршат со електронска аукција, но треба да се има во предвид дека за дел од постапките или деловите на постапките поднесена е само една прифатлива понуда, па според тоа тие постапки/ делови завршиле со поднесување на конечна цена. Подетални анализи ќе бидат претставени во понатамошниот дел од извештајот.

Значаен податок кој дава слика на обемот на користењето на самиот ЕСЈН, е и бројот на спроведени аукции на Електронскиот систем за јавни набавки. Во 2015 година се спроведени 41.535 аукции или просечно по 158 аукции дневно. Оваа бројка се надополнува со спроведени поднесувања на конечна цена. Имено во 2015 година преку ЕСЈН се спроведени вкупно 31.373 поднесувања на конечна цена, или просечно по 119 поднесувања на конечна цена дневно.

### 7.5.1. Позитивни ефекти од спроведувањето на електронските аукции и електронските јавни набавки

Од досегашните искуства во јавните набавки што ги анализира Бирото, најголемиот ефект кој што се постигнува со спроведувањето на електронските аукции е остварувањето на заштеди. Притоа, Бирото, остварените заштеди преку аукциите ги пресметува на следниов начин:

a) кога критериум за доделување на договорот е *<u>најниска цена</u>* – заштедата се смета како разлика помеѓу почетната цена на е-аукцијата (најниската цена од сите понуди кои се претходно евалуирани и прифатени за учество во електронската аукција) и крајната цена постигната на е-аукцијата односно вредноста на склучениот договор

b) кога критерум за доделување на договорот е *економски најповолна понуда* - сметано како разликата од сопствената почетна цена и цената по аукцијата на понудувачот со најповолна понуда.

*Во текот на 2015 година може да се увиди дека е остварена просечна заштеда од 20% или апсолутна заштеда од 4.339.156.061 денари (или преку 70 милиони евра)*

Во текот на 2015 година од податоците за спроведени аукции, може да се увиди дека е остварена просечна заштеда од 20% или апсолутна заштеда од 4.339.156.061 денари (или преку 70 милиони евра). Притоа, тука треба да се истакне дека како вкупна вредност заштедите се дури и поголеми, бидејќи во горенаведената вредност се вкалкулирани и аукции кои се воделе по единечна цена, па кога таа вредност ќе се претстави како вкупна вредност на договорот заштедите имаат поголема вкупна вредност. Кога на овие заштеди ќе се додадат и заштедите остварени по поднесувања на конечна цена, во апсолутен износ од 459.909.076 денари (во процентуален износ од 10%) вкупната заштеда изнесува речиси 78 милиони евра.

Од анализите кои ги прави Бирото може да се заклучи дека во последните три години обемот на заштедите и како вкупна вредност и како процент е во константен пораст. Вредностите на заштедите кај спроведените аукции во последните три години се дадени во табела бр. 7.25. Обемот на заштеди поделен по видот на критериумот за доделување на договор за јавна набавка е следен:

- преку спроведени аукции на постапки каде што критериум е најниска цена оставарени се заштеди од 4.339.031.562 денари
- преку спроведени аукции на постапки каде што критериум е економски најповолна понуда оставарени се заштеди од 124.499 денари

Незначителното учество на заштедите кај постапките каде што како критериум е избран економски најповолна понуда се должи на вкупното значително намалување на бројот на спроведени постапки во 2015 со користење на овој критериум, што пак

произлегува од воведувањето на обврската за барање на согласност од Советот за јавни набавки.

Графикон 7.23

Табела 7.25

| Вкупна вредност на остварени заштеди преку употреба на електронските аукции | |
|---|---|
| **2015 година** | 4.339.156.061 ден. |
| **2014 година** | 3.595.492.629 ден. |
| **2013 година** | 3.382.290.268 ден. |

*Од податоците за 2015 година и досегашната пракса може да се констатира дека поднесувањето на конечна цена како алатка не ги дава ниту приближно резултатите кои се добиваат со спроведувањето на аукциите, односно кога постои конкуренција на постапките*

Од прибраните податоци се забележува константен пораст во обемот на остварените заштеди во последните три години.

Овој тренд најмногу се должи на зголемувањето на обемот на постапки (објавени огласи) кои што завршуваат со користење на електронска аукција. Од досегашните анализи и повеќегодишни искуства во однос на ефектите од е-аукциите и заштедите кои произлегуваат од нивната примена, значително е да се спомене дека се поголем фактор кој придонесува за зголемување на обемот на заштедите е поднесувањето на нереално високи цени на иницијалните понуди кај некои видови постапки. Овие анализи и заклучоци се споменати и во нацрт стратегијата за развој на

Електронскиот систем за јавни набавки, каде Бирото за јавни набавки ја разгледува и предлага можноста за воведување на нов модел на е-аукција кој ќе биде споменат и образложен и во понатамошниот дел од овој извештај.

Во поглед на заштедите кои се остварени по поднесени конечни цени од страна на понудувачите, се забележува незначителен процент за заштеда (3,37%) од првично понудената цена од страна на единствениот понудувач. Во споредба со минатата година, овој процент е зголемен, но веќе втора година по воведувањето на задолжителното објавување на проценетата вредност, се забележува состојба на плафонирање на цените до износот на проценетата вредност, посебно кај специфичните предмети на набавка за кои нема конкуренција на пазарот. Тука е вредно да се напомене дека заштедите остварени преку механизмот – конечна цена учествуваат со приближно 10% во вкупниот обем на остварени заштеди. Ако овој податок го споредиме со бројот на огласи кои што завршиле со спроведување на конечна цена – 37% од објавените огласи, тогаш може да се заклучи дека во поглед на обемот на заштедите и процентот на заштедите, поднесувањето на конечна цена не ги дава ниту приближно резултатите кои се добиваат со спроведувањето на аукциите, туку најчесто понудувачите ги намалуваат своите цени само за да влезат во рамката на проценетата вредност (приближно на исто ниво колку што изнесува проценетата вредност).

Во поглед на заштедите од аукции кои се остварени во однос на различните постапки, по критериум за доделување на договор, најниска цена податоците се дадени во следната табела:

Табела 7.26

| Вид на постапка | Вкупна вредност на заштеди | Процент на заштеда |
|---|---|---|
| Постапка со барање за прибирање до 5.000 | 157.765.875ден. | 24% |

| | | |
|---|---|---|
| евра | | |
| Постапка со барање за прибирање на понуди до 20.000 евра | 437.049.060ден. | 21% |
| Отворена постапка | 3.433.635.367ден. | 18% |
| Ограничена постапка | 310.581.257 | 13% |

Во 2015 година, останува истиот тренд – поголеми заштеди се остваруваат кај постапките со повисоки вредносни прагови. Имено, 79% од вкупната вредност на заштедите се остварени кај аукциите кои се спровеле кај отворените постапки (уделот на отворените постапки во вкупниот број на објавени огласи е приближно само третина од огласите). Кај постапките со барање за прибирање на понуди забележуваме повисок процент на заштеди во споредба со 2014 година, но само кај постапките со користење на критериумот најниска цена, додека критериумот економски најповолна понуда речиси не се употребува кај овие постапки во 2015 година.

Заштедите на постапката со преговарање со претходно објавување на оглас се незначителни и не се вклучени во прегледот.

*Најголем обем на заштеди се остваруваат кај аукциите кои се спроведуваат како последна фаза во отворена постапка*

Како што е случај со постапките и заштедите по спроведени аукции, и кај заштедите кои се остварени по основ на поднесување на конечна цена- најголем процент (85%) се забележува кај отворените постапки.

Во однос на заштедите од аукции по вид на набавка, односно тип на стоката, услугата или работите кои се набавуваат, позначајни податоци се дадени во следната табела:

Табела 7.27

| Дејност/сектор | Процент на заштеда |
|---|---|
| **Информатички и телекомуникациски производи и услуги** | 25,02% |
| **Потрошен и канцелариски материјал и** | 24,50% |

| | |
|---|---|
| печатарски/издавачки услуги | |
| Основни средства | 22,66% |
| Градежни работи, работи поврзани со животната средина, комунални услуги, ХТЗ опрема/производи и останати поврзани стоки/услуги | 21,90% |

*Во 2015 година во 63% од објавените огласи била спроведена електронска аукција додека 37% завршиле со поднесување на конечна цена, што претставува голем процент од огласите*

Слично како и минатата година, најголемите заштеди во просек се постигнуваат во секторите каде што се нудат стандардизирани стоки и услуги, и каде што постои конкуренција на пазарот. Како што може да се види од табелата, кај овие сектори во просек се остваруваат заштеди над 20%. Тука под конкуренција на пазарот се подразбира дека поголем број на конкурентски понудувачи учествуваат со свои понуди на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Притоа, мора да се напомене дека иако во даден сектор може да постои конкуренција на пазарот, доколку компаниите не учествуваат со свои понуди, на постапките за доделување на договор за јавна набавка нема да постои реална конкуренција и аукциите нема да го дадат очекуваниот позитивен ефект. Исто така продолжува трендот на висок процент на заштеди во секторот – градежни работи, како и во секторите за набавка на услуги (финансиски 45%, образовни, правни, советодавни, маркетинг услуги и услуги за привремено вработување 34,26 % и сл.), каде што е спроведена аукција, се забележуваат заштеди и од преку 40%. Поради тоа што во вкупниот обем на заштеди, овој вид не претставува значајна ставка, не е прикажан во табелата.

*Во 74% од закажаните аукции имало намалување на првично поднесената цена*

*Во 81% од поднесувањата на конечна цена, понудувачите НЕ извршиле намалување на цената*

Во 2015 година, од вкупниот број на објавени огласи за доделување на договор за јавна набавка за постапки кои ќе завршат со е-аукција, во 63% од нив има најмалку две прифатливи понуди и спроведени се аукции, за 37% од нив е спроведено поднесување на

конечна цена. Овој однос е претставен во графикон 7.24. Од овој податок се гледа значително голем удел на постапките/ деловите од постапки кои завршиле со поднесување на конечна цена во вкупниот број на огласи/делови за кои има склучено договори.

Податок кој што е доста позитивен во однос на користењето на електронските аукции и учеството на понудувачите е процентот на аукции каде што имало намалување на првичната цена. Од закажаните и спроведени аукции на системот, кај **74%** од нив има намалување на првичната цена. Во 2015 година од вкупно 31.360 закажани поднесувања на конечна цена, на 25.352 не било поднесено намалување или во 81% од случаите немало намалување на цената.

Просечниот број на намалувања на цената при спроведувањето на аукциите во 2015 година изнесува околу 25 намалувања на цената, додека во 2014 година просечниот број беше 23.

Графикон 7.24




Графикон 7.25




*На 13.07.2015 година спроведени најмногу акции во еден ден – 735 аукции*

Просечното времетраење на една аукција изнесува приближно околу триесет минути (вклучувајќи ги и продолжувањата по 3 минути доколку во последните 3 минути е поднесена нова намалена цена). Најголем број на закажани аукции во еден ден на ЕСЈН во текот на 2015 година е 13 јули со 735 закажани и спроведени аукции, поголем број во споредба со 2014 година кога најголем број на закажани аукции во еден ден беше 627.

Графикон 7.26




Графикон 7.27




## 7.6. Конкуренција кај јавните набавки

*Во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е 3,5 понуди по постапка, додека кај постапките во хартија е 2,3 понуди во просек*

Од направените анализи на податоците со кои располага Бирото за јавни набавки од аспект на конкуренцијата во јавните набавки, во прилог се некои позначајни податоци за бројот на понудите по постапка, вид на договор, како и врз основа на тоа како е водена постапката (во хартиена форма или по електронски пат).

Треба да се има во предвид дека податоците се добиваат од базата на податоци на ЕСЈН, при што во делот на понудите од постапки водени по електронски пат - системот автоматски ја дава бројката на поднесени понуди, додека кај постапките водени во хартија – податоците се преземени од формите кои договорните органи ги пополнуваат при евиденција на склучените договори, па оттаму веродостојноста на овие податоци во голема мера зависи од точноста на внесените податоци од страна на институциите.

Во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е 3,5 понуди по постапка, додека кај постапките во хартија е 2,3 понуди во просек.

Просекот од поднесените понуди кај постапките за доделување на договор (вклучително и електронски и хартиени) е прикажан во табелите подолу:

Табела 7.28

| Постапка | Просечен број на понуди |
|---|---|
| **Барање за прибирање на понуди до 5.000 евра** | **2,55** |
| **Барање за прибирање на понуди до 20.000 евра** | **3,10** |
| **Отворена постапка** | **3,39** |
| **Ограничена постапка** | **5,50** |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | **2,60** |
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | **1,92** |
| **Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17- 27** | **1,85** |
| **Квалификациски систем** | **3,70** |
| **Пондериран просек од сите постапки** | **2,91** |

Табела 7.29

| Вид | Просечен број на понуди |
|---|---|
| **Стоки** | 3,05 |
| **Услуги** | 2,48 |
| **Работи** | 4,13 |

За пресметување на просечниот број на поднесени понуди за сите постапки, се земаат во предвид просеците за секоја постапка одделно, при што освен поединечните просеци се зема во предвид и бројот на склучените договори за соодветниот вид постапка во конкретниот пресметковен период.

# 8. Анализа на ефектите од е-Набавките и е-Аукциите

## 8.1. Воведување на задолжителни е-набавки - очекувани ефекти

Во изминатите години, во годишните извештаи неколкукратно се потенцираше позитивниот аспект од спроведувањето на постапките за јавни набавки целосно по електронски пат, а беа истакнати и заложбите на Бирото за јавни набавки во контекст на унапредување на легислативата во насока на следење на европските трендови за задолжителни е-набавки.

Со измените на Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.78/15) воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во распон од следните три години. Договорните органи се должни да ги спроведуваат отворените постапки, ограничените постапки и постапките со барање за прибирање на понуди со користење електронски средства преку ЕСЈН, и тоа:

- во најмалку 30% од објавените огласи од 1 јануари 2016 година,
- во најмалку 50% од објавените огласи од 1 јануари 2017 година и
- во 100% од објавените огласи од 1 јануари 2018 година.

Законската одредба за задолжително спроведување на постапките за доделување договори за јавни набавки со користење електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки, ќе придонесе за модернизација и подобрување на системот на јавни набавки со цел зголемување на неговата ефикасност и функционалност.

Новите Директиви за јавни набавки кои кон крајот на март 2014 година, беа објавени во Службеното гласило на ЕУ, јасно ги препознаваа е-набавките како клучен фактор во зголемувањето на ефикасноста и обезбедувањето транспарентност, па поради тоа акцент се става на спроведувањето на постапки за јавни набавки со користење на електронски средства. Според новите директиви на ЕУ, се предвидува задолжително електронско поднесување на понудите (e- submission) за огласите објавени од сите договорни органи до Септември 2018 година.

Воведувањето на оваа законска одредба и нејзината успешна имплементација ќе биде во фокусот на развојната стратегија на ЕСЈН. Задолжителната употреба на електронскиот систем во спроведувањето на јавните набавки повлекува идни планови за надградување на системот и развој на нови алатки за уште полесен и поедноставен пристап и користење на системот.

Спроведувањето на постапките по електронски пат има низа предности и придобивки, а со е-набавките ќе се постигнат повеќе цели меѓу кои најзначајни се:

- ефикасност во јавниот сектор - заштеди на време и средства во постапките за доделување на договори и подобрување во поглед на раководењето и имплементацијата на доделените договори;
- зголемување на транспарентноста и фер конкуренцијата во постапките на доделување на договори за јавни набавки;
- подобро мониторирање и ревизија на договорите и оттука поголема сообразност со правилата и политиките, со што се минимизира корупцијата и злоупотребите;
- зајакнување на конкуренцијата со подобрување на пристап до пазарот на јавниот сектор и подобри можности за прекугранична трговија;

- подобрена и побрза комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори и
- унификација и стандардизација на чекорите кои се преземаат при спроведување на одредени видови на постапки за јавни набавки.

## 8.2. Анализа на ефектите од спроведувањето на електронските аукции

*Аукциите ги даваат очекуваните резултати кога се набавуваат стандардизирани стоки и услуги, со добро дефинирани технички спецификации и кога се користат на пазар со висок степен на конкуренција*

Според анализите направени од страна на Бирото за јавни набавки, од досегашното повеќегодишно искуство, може да се констарира дека ефектите од спроведувањето на електронските аукции не се секогаш онакви какви што беа според првичните проценки и очекувања. Имено, од нивното спроведување има и позитивни и негативни ефекти. Бирото за јавни набавки останува на препораките и заклучоците кои беа анализирани во извештаите во 2013 и 2014 година, каде беа претставени главните карактеристики и трендови кои важат за електронските аукции, како и случаи каде аукциите не даваат најдобар резултат. Меѓу другото, како главни недостатоци беа констатирани следниве: аукциите ги даваат очекуваните резултати кога се набавуваат стандардизирани стоки и услуги, со добро дефинирани технички спецификации и кога се користат на пазар со висок степен на конкуренција; не сите предмети на набавка се погодни да одат на аукција; вистински ефект на заштеди кај набавките со поголема вредност; нереално зголемување на цените во фазата пред аукцијата; шпекулативни акции во однос на цената итн.

Како генерална констатација од досегашното искуство може да се заклучи дека аукциите теоретски/технички можат да се прават за сите набавки, но не ги даваат резултатите и не ја оправдуваат

целта на нивното постоење, доколку се употребуваат во 100% од набавките. Затоа плановите и предлозите на Бирото се во насока на:

- на среден/долг рок укинување на задолжителноста на аукциите и опционално користење на истите (или делумно задолжително за одредени набавки);
- необјавување на проценетата вредност на набавката, во случај на употреба на е-аукција;
- укинување на алатката за поднесување на конечна цена, поради нецелисходноста и малите ефекти кои ги дава во практика.